**Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно - оперативните и капиталните расходи.**

## ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

**Тековно - оперативните расходи се состојат од расходи кои се опишани во следната табела, каде што платите и надоместоците имаат најголемо учество, но тоа беше елаборирано погоре.**

| | | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци за вработените | 192.266.300 | 193.799.290 |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 1.550.000 | 1.500.000 |
| 42 | Стоки и услуги | 177.432.700 | 163.015.710 |
| 45 | Камати | 250.000 | 400.000 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 16.268.600 | 4.180.000 |
| 47 | Социјални бенефиции | 2.300.000 | 572.000 |
| | Вкупно: | 390.067.600 | 363.467.000 |

### Плати, наемнини и надоместоци за вработените

**Платите и надоместоците кои се неопходни за функционирање на Општина Ѓорче Петров, се планираат да опфатат околу 35,14% од вкупно планираните тековно оперативни расходи во 2016 година.**

| | | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 136.609.000 | 137.298.590 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачи | 50.308.300 | 50.681.700 |
| 404 | Надоместоци | 5.349.000 | 5.819.000 |
| | Вкупно: | 192.266.300 | 193.799.290 |

## Резерви и недефинирани расходи

| | | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|---|
| 412 | Постојана резерва(непредвидливи расх.) | 1.000.000 | 1.000.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 550.000 | 500.000 |
| | Вкупно: | 1.550.000 | 1.500.000 |

**Средствата од постојаната и тековна резерва се користат за непредвидени расходи во текот на годината и тоа од постојаната резерва се покриваат штети од елементарни непогоди, а од теконата резерва се исплатуваат разни трошоци (помош или спонзорства) по барање од правни и физички лица. Овие средства се во висина на минатогодишните.**

**Советот на општината со Одлуката за извршување на буџетот на општината, ја определува употребата на средствата за претходно утврдените намени.**

## Стоки и услуги

| | | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.354.600 | 980.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење,комуникации и транспорт | 45.722.000 | 47.517.710 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 31.473.900 | 18.240.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 41.407.000 | 43.283.000 |
| 425 | Договорни услуги | 40.054.400 | 38.333.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 11.420.800 | 9.562.000 |
| 427 | Привремени вработувања | 6.000.000 | 5.100.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **177.432.70<br>0** | **163.015.710** |

**Во структурата на групата 42 - Стоки и услуги прикажана во предходната табела се гледа дека:**
**- ставката 421 има најголемо учество и тоа со 25,76%.Овде влегуваат трошоците за комунални услуги, греење, комуникации и транспорт.Самиот наслов го содржи описот на трошоците: за електрична енергија, каде што влегува и потрошувачката на електрична енергија од јавното осветлување, вода и ѓубре, огревни материјали (дрва, јаглен, течни горива), поштенски и телекомуникациски услуги, регистрација на возила како и горива и масла за моторни возила.**
**- На ставката 423, ситен инвентар, материјали, (канцелариски, средства за хигиена), материјали за поправка и други материјали отпаѓа 17,73%.**
**- Ставката 424 - Поправка и тековно одржување учествува со 23,33%, а овде припаѓаат трошоците за одржување на објекти, каде се вклучени планирани средства за одржување и на објектите на месните заедници, како и објектите на основните училишта и градинките.Понатаму во оваа позиција влегуваат сите други одржувања на возила, на опрема, на мебел, како и обезбедувањето на сите објекти кои се во сопственост и во надлежност на општината.**
**- договорните услуги - 425 учествуваат со 22,57%.Во оваа позиција влегуваат трошоци за изработка на урбанистички планови, трошоци за рушење на бесправно изградени објекти, услуги за копирање и печатење, изнајмување на канцелариска опрема, осигурување на недвижности и права, правни, здравствени услуги, услуги за преведувачи, банкарска провизија, услуги од надворешни експерти и консултанти, како и услуги од естрадни уметници при разни манифестации и друго.**

**Субвенции и трансфери**

**Иако надлежностите од областа на културата и спортот според Законот за град Скопје припаѓаат на Град Скопје, општина Ѓорче Петров планира минимални средства за поддршка на единственото културно уметничко друштво во општината, како и на бројните спортски друштва на територијата на општината, а се планирани под трансфери на невладини организации. Поголемото учество во трансферите отпаѓа на разни трансфери.Тоа се средства кои се планираат за плаќање по судски решенија, за трансфери при пензионирање, отпремнини во случај на смрт на вработен или смрт на член од потесото семејство на вработен. Овие се исплаќаат по решение на Градоначалник. Бидејќи во 2017 година ќе се спроведат локалните избори, согласно Законот за локална самоуправа и Законот за финансирање на единици на локалната самоуправа, трошоците за таа намена ги исплаќаат општините, како и трансферите до политичките партии. Оваа година се планираат и трансфери до Министерство за труд и социјална политика за**

**изградба на детска градинка во Волково, како и трансфери до партнерите за транснационалниот проект со општина Разлог, Р.Бугарија.**

**Општината не води големи судски спорови што би требало да ги исплаќа во текот на 2017 год., но никогаш не се знае што може да произлезе од некои стари судски спорови во кои општината и не била засегната странка, како што беше случајот со одземениот имот за дворното место на О.У.Ѓорче Петров.**

**Од табелата се гледа дека разните трансфери во 2017 година во однос на 2016 се драстично зголемени.**

**Трансферите се прикажани во следната табела:**

| | | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|---|
| 463 | Трансфери до невладини организации | 2.784.800 | 1.400.000 |
| 464 | Разни трансфери | 13.483.800 | 2.780.000 |
| | Вкупно: | 16.268.600 | 4.180.000 |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

**Капиталните расходи во вкупниот буџет учествуваат со 31,28% и најголем дел се однесуваат на изградба на улици и патишта, изградба на мрежа за фекална канализација , довршување на изградба на водоводна мрежа во руралниот дел на општината. Во оваа година општината треба да го доискористи одобрениот кредит во износ од 33.000.000 денари. Со доискористување на средствата повторно на општината и следуваат 5% од вредноста на искористените средства од под-заемот за донација, која се планира за изградба на уште една нова занимална во детската градинка - клон Детелинка.**

**Во капиталните расходи се планирани и средства за купување на мебел и опрема, како и моторни возила.Во капиталните инвестиции спаѓаат и други нефинансиски средства, како што се набавка на софтвер и надоместок за одземен имот (вложувања и нефинансиски средства). Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во општината. Истовремено ќе се подобри одржувањето на урбаната опрема и спортските објекти. Во капиталните вложувања влегуваат и изработка на проекти како и надзор над изградбата.**

**Во 2016 година општината за да може да спроведе јавна набавка мораше да ги планира средствата за изградба или реконструкција на објекти на Урбани и Месни заедници. Но самата реализација ќе се спроведува во 2017 година, поради тоа мора овие средства да се планираат и во 2017 година , кога ќе треба да се вршат и плаќања. Истото се однесува и за набавката на моторните возила.**

| | | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|---|
| 480 | Купување на опрема и машини | 6.804.700 | 6.635.000 |
| 481 | Градежни објекти | 29.200.000 | 11.853.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 138.550.000 | 149.077.950 |
| 483 | Купување на мебел | 257.000 | 257.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 4.580.000 | 8.580.000 |
| 486 | Купување на возила | 3.000.000 | 2.000.000 |
| | Вкупно: | 182.391.700 | 178.402.950 |

## ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА

**Во 2017 година се планирани и средства за отплата на главницата од првиот кредит кој општината почна да го отплаќа од 2015 година.Тие средства според амортизациониот план изготвен од Светска банка се во висина од 10.552.000,00 денари , исто колку и во 2016 година, а се плаќаат двапати годишно, до 10 Февруари и до 10 Август.**

## ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

### *СОВЕТ НА ОПШТИНА*

**Финансирањето на Советот на општината се врши за реализација на следниве надлежности:**

- **Донесување на Статутот на општината и други прописи;**
- **Донесување на буџет на општината, Одлука за извршување на буџетот на општината и годишна сметка на општината;**
- **Утврдување на висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината во границите утврдени со закон;**
- **Основање на јавни служби во рамките на надлежноста на општината и вршење надзор над нивната работа;**
- **Именување на членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа;**
- **Усвојување на програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основала општината;**
- **Усвојување на извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;**
- **Давањето дозволи за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;**

- **Усвојување на извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби кои ги основала општината;**
- **Активности поврзани со начинот на располагање со сопственоста на општината;**
- **Активности поврзани со начинот на вршење на финансиска контрола на буџетот на општината во согласност со закон;**
- **Избор на лице кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината во согласност со закон;**
- **Разгледување и усвојување на годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;**
- **Давање на препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;**
- **Вршење на други работи утврдени со закон.**

**Работата на Советот на Општина Ѓорче Петров се предлага да се финансира во износ од 9.647.000 за извршување на следните работи:**

1. **Трошоци директно поврзани со работата на членовите на Советот;**
2. **Трошоци што се дирктно поврзани со работата на Советот на општината**
3. **Други договорни услуги поврзани со работа на Советот и**
4. **Други оперативни расходи (Празник на Општината и други манифестации)**

***ГРАДОНАЧАЛНИК***

**Финансирањето на градоначалникот на општината се врши за реализацијата на следниве надлежности:**

- **Претставување и застапување на општината;**
- **Контролирање на законитоста на прописите на Советот на општината;**
- **Објавување на прописите на Советот на општината во службеното гласило на општината;**
- **Обезбедување на извршувањето на одлуките на Советот на општината;**
- **Обезбедување на извршувањето на работите кои со закон и се делегирани на општината;**
- **Иницирање и предлагање на прописи од надлежност на Советот на општината;**
- **Предлагање на годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на општината;**
- **Извршување на буџетот на општината;**

- **Избирање на директори на јавните општински установи врз основа на јавен конкурс;**
- **Редовно известување на советот на општината за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот;**
- **Решавање на управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица во согласност со закон;**
- **Донесување на правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;**
- **Раководење со општинската администрација;**
- **Носење одлуки за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација;**
- **Обезбедување правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината согласно закон и статутот;**
- **Вршење на други работи утврдени со закон и со статутот на општината.**

**Работата на Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров се финансира во износ од 23.335.000 од кои 9.325.000,00 денари за извршување на активности во потпрограм Д0 - Градоначалник**
**Средствата се планираат за работа на градоначалникот на општината и тоа за:**

- **Плата и надоместоци за градоначалникот**
- **Патни трошоци за градоначалникот**
- **Други трошоци што се директно поврзани со работата на градоначалникот и кабинетот на градоначалникот**
- **Тековна буџетска резерва**
- **Социјални бенефиции**

**1.210.000 за потпрограма Д1-Месна самоуправа, каде што се планираат средства за:**

- **Комунални трошоци**
- **Одржување на објекти и**
- **Закуп на простории за оние Месни и Урбани Заедници кои немаат сопствен простор**

**и 12.800.000 за потпрограм ДА - Месна самоуправа (капитакни расходи), каде се планирани средства за изградба на нов објект во У.З.Дексион и Реконструкција на постоечки објекти (Кучково и Орман)**

***ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА***

**Средствта кои се планираат за работата на општинската администрација се планирани во две потпрограми Е0 во износ од 85.904.000,00 денари и истите се распоредуваат за:**

- **Плати на вработените во општината ( планирани 90 вработени, 80 државни службеници и 10 технички персонал),**
- **Тековно оперативни трошоци потребни за работењето на општината, вклучувајќи го и работењето на советот, градоначалникот и другите програми во Буџетот како што се:**

а) **Канцелариски материјали за потребите на општината;**
б) **Телефонски сметки на општината;**
г) **Комунални трошоци на општината за потрошена електрична енергија, потрошена вода, подигање на смет и други комунални услуги;**
д) **Тековни поправки и одржување на капиталните средства на општината**
ѓ) **Услуги за одржување на опрема, згради, возила, обезбедување на објекти, осигурување на објекти и опрема и др.**

**Како потпрограма на општинската администрација се и капиталните вложувања планирани во потпрограм ЕА , а се во функција на поефикасно работење и се однесуваат за набавка на информатичка опрема, мебел, моторни возила и слично. За овие намени се планираат 4.000.000,00 денари.**

***УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ***

**Тековно-оперативните расходи за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови, а се планирани во потпрограма Ф1. Средствата во оваа потпрограма се планираат за финансирање на активностите согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање. Овие активности се во согласност со донесената годишна програма за изработка на плановите.**

**Во буџетот се планираат средства за функциите во делот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот и истите се во износ од 18.973.000,00 ден. Во таа насока Советот ги донесува урбанистичките планови и тоа: детален урбанистички план; урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место.**

**Средства за урбанистичко планирање се планираат за:**

- **трошоци поврзани со изработката на детален урбанистички план;**
- **трошоци поврзани со изработката на урбанистички план за село;**
- **трошоци поврзани со изработката на урбанистички план вон населено место.**
- **трошоци за геодетски услуги , како и услуги од катастар и**
- **услуги од надворешни стручни соработници**

**Тековно оперативните трошоци што произлегуваат од одржувањето на уреденото градежно земјиште се во согласност со Програмата за уредување и одржување на уреденото градежно земјиште Ф2 и Ф3, а се планира во износ од 11.730.000,00 денари.Овде се планирани средства за Други комунални такси и услуги (најчесто за расчистување на диви депонии од јавни површини), за рушење на бесправно изградени објекти, договорни услуги и други оперативни расходи, кои во моментот не може да се предвидат и дефинираат, а во текот на работењето ќе се појават од потребата за да се уреди дел од градежното земјиште.**

**Во потпрограмта ФА0 - Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) средствата се планираат за уредување на градежното земјиште од наплатените надоместоци за уредување на градежно земјиште, популарните комуналии, кои општината ги добива во износ од 40 %. Оваа потпрограма е планирана во висина од 26.800.000,00 денари:**

- **Изведување на градежни и работни зафати, со цел да се обезбеди: пристап до јавен пат и поставување на инсталација (водоводна; канализациона - фекална и атмосферска; електрична; ПТТ; и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела).**
- **Изведување на објекти на инфраструктурата, како што се: патишта; материјали потребни за изведба на водоводна, канализациона, фекална и атмосферска, електрична, ПТТ, и друга инсталација.**

**Посебна потпрограма е ФД0 - Уредување на просторот во руралното подрачје (капитални трошоци) во износ од 13.000.000,00 денари и е наменет за изработка на проекти за локални патишта и улици, за изградба на улици и други објекти во селското подрачје, како и за надзор над изградбата.**

**Ф Програмата Советот ја усвои и таа во целост е вградена во предлог-буџетот.**

***ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

**Во оваа програма планирани се средства во износ од 650.000,00 денари и тоа во потпрограма Г10 , за трошоци кои ќе бидат предизвикани од инплементација на Стратегијата за локален економски развој со акциониот план за општина Ѓорче Петров, како и за изработка на разни физибилити студии.**

***КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ***

**За основните намени во комуналните дејности кои се надлежност на општина Ѓорче Петров се планираат средства во износ од 136.900.000,00 денари.**

**Оваа програма Ј, како и претходната Ф се веќе усвоени од страна на Советот на општината и во Буџетот се вградени со сите позиции.**

***КУЛТУРА***

**Во потпрограма К20-за културни манифестации поврзани со општината, односно нејзиното функционирање, предвидени се средства во износ од 4.350.000,00 ден. Од овие средства, меѓу другото, ќе се трансферираат средства до Културно уметнички друштва, како и за естрадни уметници кои ќе учествуваат како поддршка на сценско-музички и уметнички настапи и манифестации. За оваа намена Советот донесе посебна програма.**

**Во рамките на оваа програма има уште една потпрограма КА0, планирана во висина од 350.000,00 денари и тоа за изработка на бисти на патроните на основните училишта во општината.**

***СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА***

**За спортот и рекреацијата - Л00 исто така Советот ја усвои програмата што и како ќе се финансира. Вредноста на ова програма е 7.240.000,00 денари. Во рамките на овие средства се планирани и трошоци за одржување на постоечките спортски објекти во износ од 3.500.000,00 денари.**

**Во оваа програма има и потпрограма ЛА0- капитални вложувања во спортот, а се планирани и средства за изградба и реконструкција на спортски терени и објекти во износ од 2.000.000,00 денари.**

***ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА***

**Во буџетот на општина Ѓорче Петров се планираат расходи поврзани со превземањето на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина кои не се во исклучива надлежност на други државни органи. За таа намена се планираат средства во износ од 1.197.000,00 денари, за која Советот веќе усвои програма Р10.**

***ОБРАЗОВАНИЕ и СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА***

**Образованието и заштитата на деца се финансираат по три основи , блок дотации, самофинансирачки активноси и од изворните приходи на општината.**

**Вкупното финансирање на основното образование во програма Н1 за 2017 година изнесува 160.405.300,00 денари, од кои Блок дотацијата изнесува 130.756.000,00 денари, а погоре споменавме дека од овие средства 88,80% се покриваат платите на вработените во основните училишта.**

**Самофинансирачките активности се во висина од 13.189.500,00 денари (во 2016 година беа 2.243.000,00 денари). Зголемувањето се однесува заради набавката на топол оброк и ужинки за децата од одделенска настава бидејќи во 2016 година имаше измена во Законот за основно образование, со која**

измена се задолжија училиштата да ја спроведуваат набавката, а не како што беше претходно за тоа да одлучува Советот на родители. Останатите услуги остана да ги бира Советот на родители, а средствата се уплаќаат директно на давателот на услугите. Тоа се екскурзии,  списанија за децата и осигурување на децата.

Оваа година повторно општината планира и сопствени средства за поддршка на основното образование и тоа во висина од 13.275.000,00 денари. Овие средства се планирани за течни горива, за одржување и реконструкција на објектите, како и за трошоци планирани во Програмата за основно образование која ја усвои Советот.

Во рамките на оваа потпрограма се планирани и средствата од донација која ќе се спроведува во соработка со општина Разлог, Република Бугарија. Општина Ѓорче Петров како носител на проектот "учење преку работа" ќе ги прима сите средства и истите ќе ги распоредува и трансферира на сите останати учесници.

Финансиските средства распоредени во програмата В1- детска заштита за 2017 година изнесуваат 71.050.000,00 денари од кои на Блок дотацијата отпаѓаат 38.450.000,00 денари. Од овие средства дури 34.529.000,00 денари или 89,80% се за обезбедување на плати на вработените, а разликата од 3.921.000,00 денари е за покривање на материјалните трошоци. За разлика од училиштата, градинката месечно наплаќа од родителите надоместок за чување на децата и тие средства од самофинансирачки активност во висина од 21.500.000,00 денери ги користи за храна на децата, но и за материјалните трошоци за функционирање на објектите.

Оваа година исто така општината планира да  издвојува од сопствените изворни приходи за течни горива , за одржување на згради, сопствено учество во изградба на обектот од донацијата, како и за трансфер до Министерство за труд и социјална политика за изградба на градинка во Волково. Вкупните средства од основниот буџет на општината се во висина од 7.100.000,00 денари.

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ Потпрограма Љ00.**

За прв пат од 2017 година во рамките на Буџетските програми и потпрограми отворена е и нова програма за Заштита и спасување, обележена со буквата Љ. Советот на општината ја усвои оваа програма, па како што погоре повеќе пати е кажано и оваа програма е во целост вградена во буџетот со износ од 480.000,00 денари и тоа само за оние позиции кои се потребни за набавка на орема и заштитна облека на посебната единица за спасување.

Раководител на Сектор за
Финансиски прашања
Драгица  Тодоровска

Градоначалник,
Сокол  Митровски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и осмата седница на Советот, одржана на ден 22.12.2016 година.

**Број 09-3834/2**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 67/0, 156/09 и 47/11), член 20 и 22 од Законот за изменување и дополнување на законот за буџети (Сл.весник на Р.М. бр.4/08), член 15 од Законот за извршување на буџет (Сл.весник на Р.М. 180/11), членовите 1, 3, 29-а, 29в, 29г и 29д од Законот за изменување и дополнување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Р.М. и други избрани и именувани лица во Р.М.(Сл.весник на Р.М. бр. 121/07, 42/10), член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија(Сл. Весник на Р.М. 70/14) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 58-та седница одржана на 22.12.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општината Ѓорче Петров**
**за 2017 година**

**Член 1**

Буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2017 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од : Општ, посебен и развоен дел:

- општиот дел ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на буџетот за фискалната година, како и глобални проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години,
- посебниот дел содржи план на одобрени средства на буџетските корисници по програми и ставки за финансиската година и
- развојниот дел се содржи од тригодишно развојни програми.

Буџетот на Општината е консолидиран и се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации и Буџет на кредити.

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства по:

- одделни буџетски програми и потпрограми,

- години во кои истите ќе се реализираат и
- изворите на финансирање, односно буџети.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ, односно да се изврши пренамена на средствата.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, како и извршувањето на расходите по програми и подпрограми и други одливи на основниот буџет на општината, на буџетот на дотациите, како и на приливите од кредитот.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници и подпрограми ја одобрува Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределбите во тековната фискална година.

Во Буџетот не може да се врши пренамена со која се зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми, со исклучок ако тоа е предизвикано од промена на Законски одредби, кои ги регулираат платите и надоместоците, но не повеќе од 10% од вкупно планираните плати и надоместоци.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалувањ, односно зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето

на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат:

- за избраните и именуваните лица ( Градоначалник), појдовната основа за 1 коефициент изнесува 26.755,00 денариа.
- за вработените кои немаат статус на државни службеници, вредноста на бодот за пресметување на бруто плата изнесува 12,5 денари.

Ако Владата на Р.М. донесе одлука за зголемување или намалување на платите, ќе се применува новата вредност.

**Член 10**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во основните училишта и детската градинка ( во понатамошниот текст локални јавни установи) ќе се финансираат од блок дотации од општинскиот буџет под контрола и одобрување на Министерство за финансии и ресорните Министерства.

Локалните јавни установи се должни три дена пред исплатата на платите до општината да достават барања за одобрување на средства за исплата на плати и надоместоци кон кои ќе ги приложат образците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитуларот за пресметаните нето и бруто плати, образец Ф1 за бројот на вработените по име и презиме и други податоци во електронска и пишана форма.

**Член 11**

На членовите на Советот на општина Ѓорче Петров им се исплаќа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневни трошоци.

Месечниот надоместок на членовите на Советот на општината за присуство на седниците на Советот се утврдува согласно бројот на жители на општината во процентуален износ од 60% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот на општината за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

**Член 12**

На вработените во општинската администрација се исплаќа надоместок за годишен одмор во висина од 60% од просечна нето плата исплатена за последните три месеци во Републиката.

**Член 13**

За работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремено вработување, средствата за исплата ги обезбедува работодавачот, а исплатата на вработениот ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**Член 14**

Трошоците за сместување и патување при службени патувања, кога не паѓаат на терет на организаторот, ги надоместува општината од Буџетот.

За патување во странство дневницата се исплатува во висина од 50% од утврдената во Уредбата од Влада на Р.М.

За користење на сопствено возило за службени цели се исплаќа надоместок од 30% од вредноста на горивото за поминат километар, но не повеќе од 3.500,00 денари.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработниот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 16**

Во случај на смрт на вработен во општинската администрација или во Локална јавна установа на неговото семејство му се исплаќа парична помош во износ од 30.000,00 денари .

На вработен во општинската администрација и во Локална јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посинок, посвоено дете и дете земено на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во износ од 15.000,00 денари. Живеењето во заедница подразбира да се со исто место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош).

На вработен во општинската администрација и во Локалната јавна установа кој ќе замине во пензија му следува надоместок во вид на отпремнина во висина од две просечно месечни нето плати. Висината на овој надоместок се пресметува врз основа на просечна месечна нето плата во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната односно наредната година.

Исплатите на надоместоците од претходниот став се вршат по претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината, од програмите Д0- Градоначалник, за вработените

во локалните јавни установи и од ЕО-Општинска администрација, за вработените во општинската администрација, а од позиција 464 - Други трансфери.

**Член 17**

Исплата на јубилејни награди на вработените се врши согласно закон и Колективен договор на ниво на дејност.

**Член 18**

За користење на средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), кои неможе да надминат износ од 3% од вкупно планираните средтва во основниот буџет на општината, одлучува Советот на општината.

По исклучок за користење на средствата од тековната резерва до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до Советот на општината.

**Член 19**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на општината, а кои се однесуваат за набавки на стоки и услуги, се врши со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во против вредност од **6.000,00** денари**,** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 20**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Нови вработувања во општинската администрација за државни службеници можат да се вршат само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината, а врз основа на претходно добиена согласност од Агенцијата за администрација.

Во случај на нови вработувања во Локалните јавни установи, истите се должни да обезбедат согласности од надлежно Министерство.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот на општина Ѓорче Петров, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Буџетот на Општина Ѓорче Петров се извршува од 01.01.2017 до 31.12.2017 година.

**Член 24**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Ѓорче Петров”, а ќе се применува од 01 Јануари 2017 година.

**Број 08-3758/4**
**Од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот**
**за платите на државните службеници за 2017 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и осмата седница на Советот, одржана на ден 22.12.2016 година.

**Број 09-3834/3**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15 и 5/16) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 58-та седница одржана на 22.12.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2017 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2017 година изнесува 76,8 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2017 година.

**Број 08-3758/5**
**Од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта на Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

Се објавува Одлуката за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта на Општина Ѓорче Петров за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и осмата седница на Советот, одржана на ден 22.12.2016 година.

**Број 09-3834/4**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. број 05/02), член 8 став 2 алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 58-та седница одржана на 22.12.2016 година, донесе

## ОДЛУКА
## за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2017

### Член 1

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на триторијата на Општина Ѓорче Петров.

### Член 2

Согласно Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година, во Програм Н1 и Подпрограм Н10 - Основно образование, се врши финансирање на сите 6 (шест) основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров.

### Член 3

Средствата утврдени во член 2 од оваа Одлука наменски се распоредуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на основните училишта и нивните годишни финансови планови.

### Член 4

Критериуми за распределба на блок дотацијата по основни училишта се:

- вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2017 година од Министерството за образование и наука,
- бројот на ученици вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште и
- големина на училиштето.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени се како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средствата од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД= (м2џ0,3)+(бр.уч.џ4):(вк.м2џ0,3)+(вк.бр.уч.џ4) , каде

**НД** – Наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2017 година ( 130.756.000,00 - 115.862.000,00 = денари), од кои:

- 130.756.000,00 е вредноста на вкупната блок дотација за 2017 г. за основно Образование,
- 115.862.000,00 е вкупниот износ за бруто плати за сите О.У. и
- 14.894.000,00 е разликата што останува за распределување за материјални трошоци;

**К м2** – коефициент за површина =0,3 и
**К уч.** - коефициент за број на ученици = 4

**Табела по формула**

РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА (БЕЗ БРУТО ПЛАТИ)

Наменскиот дел за 2017 година изнесува 14.894.000
Коефициент за површина = 0,3
Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр. | Име на Училиште | Вк. Површина | Вк. Ученици | Вк. Коефициент | ПРОЦЕНТ | ВКУПНО МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ѓорче Петров | 3.745 | 318 | 2.396 | 11,42% | 1.701.000 |
| 2. | Мирче Ацев | 4.253 | 779 | 4.392 | 21,76% | 3.240.000 |
| 3. | ДПЃ Беровски | 4.609 | 615 | 3.843 | 18,92% | 2.818.000 |
| 4. | Страшо Пинџур | 3.200 | 607 | 3.388 | 16,56% | 2.466.000 |
| 5. | Т.Милошевски | 1.541 | 532 | 2.590 | 12,43% | 1.851.000 |
| 6. | Јоаким Крчовски | 1.430 | 564 | 2.685 | 18,92% | 2.818.000 |
| | **Вкупно:** | **18.778** | **3.415** | **19.294** | **100 %** | **14.894.000** |

Во табелата во колоната на процентот за распределба се врши корекција, односно намалување по 1 апоен, на петте основни училишта, за сметка на О.У.Јоаким Крчовски, на кое му се додаваат 5%, бидејќи само тоа училиште има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 1.000.000,00 денари.

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

**Член 7**

Согласно наведените критериуми се врши распределба на блок дотацијата по основни училишта за 2017 година, пресметани во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 8**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3758/6**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Стратегија за унапредување на родовата еднаквост во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Стратегијата за унапредување на родовата еднаквост во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и осмата седница на Советот, одржана на ден 22.12.2016 година.

**Број 09-3834/5**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА
РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТОРВ

Општина Ѓорче Петров

# СОДРЖИНА


1 ПРЕДГОВОР ....................................................................2

2 ВОВЕД ....................................................................3

3 МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ ....................................................................5

4 АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ ....................................................................6

4.1 Образование и социјална заштита ....................................................................6

4.2 Инфраструктура ....................................................................7

4.3 Урбанизам ....................................................................8

4.4 Спорт и рекреација .................................................................... 10

4.5 КУЛТУРА .................................................................... 10

5 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ 2017-2022 .................................................................... 12

5.1 СТРАТЕШКИПРИОРИТЕТ 1. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА .................................................................... 12

5.1.1 ЦЕЛ: ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВЕЕЊЕ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ .................................................................... 12

5.2 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2. ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ .................................................................... 12

5.2.1 ЦЕЛ: Унапредување на можностите за вработување .................................................................... 12

5.3 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3. РОДОВИТЕ АСПЕКТИ И СПОРТОТ .................................................................... 13

5.3.1 ЦЕЛ: Сразмерно и правонаменско искористување на спортските капацитети .................................................................... 13

5.4 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4. ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРАТА .................................................................... 13

5.4.1 ЦЕЛ: Унапредување на положбата на жената преку афирмација во областа на културата .................................................................... 13

5.5 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5. РОДОВИТЕ АСПЕКТИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО .................................................................... 13

5.5.1 ЦЕЛ: Подигнување на нивото на образование и доквалификација преку оформување на формалното образование 13

5.6 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 6. БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО .................................................................... 14

5.6.1 ЦЕЛ: Намалување на физичкото и психичкото насилство во општина Ѓорче Петров .................................................................... 14

5.7 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 7. РОДОВИТЕ АСПЕКТИ И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ... 14

5.7.1 ЦЕЛ: Унапредување на организациските и институционални капацитети за интегрирање на родовите аспекти во политиките и буџетите .................................................................... 14

5.8 ИНДИКАТОРИ НА НИВО НА ЦЕЛИ .................................................................... 15

ПРИЛОГ 1. ОСНОВНИ ПОИМИ .................................................................... 16

ПРИЛОГ 2. СВОТ анализа .................................................................... 18

ПРИЛОГ 3. ИНСТИТУЦИОГРАМ .................................................................... 19

ПРИЛОГ 4. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2017 .................................................................... 20

ПРЕДГОВОР



Почитувани,

Ми претставува особена чест и задоволство да Ви ја претставам Стратегијата за Родова еднаквост помеѓу мажите и жените за периодот 2017- 2022 год. која е дел од корпусот на човекови права и се однесува на еднаквиот третман во поглед на правата утврдени со законодавството и политиките, но и во поглед на обезбедување на еднакви можности и придобивки.

Прашањето на рамноправност и вклучувањето на родовите перспективи во главните текови, не е само прашање на социјална правда, туку е исклучително значајно прашање во справувањето со сиромаштијата и невработеноста, како и обезбедување на еднакви можности и квалитетен живот за граѓаните на Општината.

Од тие причини донесувањето и спроведувањето на оваа стратегија ќе овозможи промовирање на поголема родова еднаквост и справување со постојаните нееднаквости, различните пречки со кои се соочуваат жените и мажите, различните потреби, но и како тие да се надминат за да се овозможи унапредување на нивниот живот.

Примарен интерес во остварувањето на основните човекови права се родовите улоги кои се однесуваат на различните одговорности и односи помеѓу мажите и жените кои се општествено дефинирани и се соодветни за нив при што се зема во предвид вклучувањето на родовата перспектива.

Во насока на унапредување на родовата еднаквост во општина Ѓорче Петров, јас како градоначалник и Советот на општина Ѓорче Петров, врз основа на спроведената анализа на досегашните искуства во оваа област утврдивме дека преземените активности во општина Ѓорче Петров за надминување на нееднаквостите помеѓу мажите и жените и родово неутралниот пристап во политиките и програмите имаат само парцијален пристап со фокус на жените и се покажуваат како неуспешни на среден или подолг рок.

Оттука, произлегува потребата за усвојување на Стратегијата за унапредување на родовата еднаквост во општина Ѓорче Петров со цел подобрување на ефективноста на политиките и активностите за унапредување на родовата рамноправност кои ќе покажат резултат на подолг рок. Стратегијата за родова рамноправност се усвојува со цел да се надминат нееднаквостите помеѓу мажите и жените, кои се резултат на различните општествено дефинирани улоги кои влијаат на различен начин на нивните обврски, можности и одговорности во семејството и општеството. Од тие причини, сè повеќе се напушта уверувањето дека посебните програми за поддршка на жените се доволни за да се надминат нееднаквостите кои постојат во општеството и се воведува стратегија за вклучување на родовата перспектива во главните текови на општеството.

Стратегијата за унапредување на родовата еднаквост во општина Ѓорче Петров, ќе ги земе во предвид потребите и искуствата на мажите и жените, кои стануваат составен дел во осмислувањето, спроведувањето, набљудувањето и оценката на буџетите, политиките и програмите во сите сфери, со цел жените и мажите од општина Ѓорче Петров да имаат подеднаква корист од истите.

**Градоначалник**
**Сокол Митровски**

# 1 ВОВЕД

*2.1. Правна рамка и стратешки политики*

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Воспоставувањето на еднаквите можности на мажите и жените е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на еднаквоста меѓу жените и мажите.

Родовата рамноправност во Република Македонија, е уставна категорија. **Со донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите (Сл. весник, бр. 06/2012, 166/2014 и 150/2015)** во 2012 година за првпат беше промовирана обврската органите на државна управа и единиците на локална самоуправа да го вклучат принципот на еднакви можности на мажите и жените во своите стратешки планови и буџети; да ги следат ефектите и влијанието на своите програми врз жените и мажите и за нив да известуваат во рамките на своите годишни извештаи (член 11 и 14). Во согласност со овој закон, сите единици на локална самоуправа се должни **да формираат Комисија за еднакви можности и да назначат координатор за еднакви можности**, кој е одговорен да доставува извештаи за напредокот во спроведувањето на одредбите од Законот за еднакви можности на локално ниво до Министерството за труд и социјална политика. Комисиите се должни да соработуваат со здруженијата на работодавци, синдикати и невладини организации и граѓански здруженија што се активни на полето на еднаквите можности. Улогата пак на координаторот за еднакви можности е да се грижи за унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата во рамките на надлежностите на единицата на локалната самоуправа; дава предлози и мислења поврзани со еднаквите можности до Советот на единицата на локалната самоуправа и до институциите и организациите на локално ниво
Составот на комисиите, овластувањата, задачите и обврските се уредуваат во статутот на секоја општина.

Истата година, Владата ја усвои ***Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 (Службен весник на РМ бр.27/2013)***; чија цел е унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во севкупното општествено живеење во која се дефинирани секторските приоритети за унапредување на родовата рамноправност.

*Нешто подоцна донесена е и* ***Стратегијата за воведување на родово одговорно буџетирање (2012-2017)***, која има за цел унапредување на родовата рамноправност преку прилагодување на постојните процеси на планирање и буџетирање на политиките и програмите на буџетските корисници, земајќи ги предвид различните импликации врз жените и мажите. Стратегијата ги дефинира насоките за

воведување на родово одговорно буџетирање, чекорите за унапредување на законската рамка и зајакнување на институционалните механизми.

*2.2. Улогата на локалната самоуправа во промоција на еднаквите можности*

Националните документи за унапредување на еднаквоста и вклучување на родовите перспективи во сите политики и стратегии подеднакво се однесуваат и на централните институции и на единиците на локалната самоуправа. Нивната улога е особено значајна затоа што тие се најблиску до граѓаните. Примената на родовите аспекти и родово одговорното буџетирање на локално ниво ќе овозможи да се идентификуваат различните проблеми со коишто се соочуваат жените и мажите, а кои произлегуваат од нивните различни потреби. На тој начин локалната самоуправа ќе биде во можност овие приоритети да ги рефлектира во локалните програми, проследени со соодветни индикатори што ќе го мерат успехот и ќе идентификуваат насоки за понатамошно делување. Оттука, клучните актери во промовирање на родовата интеграција и родово одговорното буџетирање на локално ниво се: (1) креаторите на локалните политики, односно членовите на Советот и градоначалникот кои ги носат одлуките за програмите и буџетите. Нивната улога во разбирањето на импликациите на програмите за различни групи граѓани е клучна; (2) Јавната администрација, која воспоставува системи за трошење и следење на трошоците и известување дава; предлози за нови активности; одлучува или помага да се одлучи како расходите да се испланираат во нивниот сектор. Нејзината сензибилизација за родовите прашања обезбедува долгорочност, институционална меморија и успешност во имплементација на родово сензитивни локални политики/програми и (3) невладини организации, синдикати, истражувачки организации, организации на работодавачи на територијата на општината кои се главни чинители кои можат да ги поддржат локалните власти со предлози, анализи при поставувањето на приоритетите, програмите и индикаторите и да ја помогнат нивната имплементација.

Ваквиот пристап треба да доведе кон основните придобивки од спроведувањето на статегиите за родова еднаквост и родово одговорното буџетирање во локалните самоуправи, а се однесуваат, пред сè на подобрување на квалитетот на живеење во заедницата, преку:

- Намалување на социјално-економските диспаритети, настанати како резултат на нееднаквата положба на мажите и жените, подобрување на еднаквите можности;
- Намалување на сиромаштијата;
- Разбирање и обезбедување на видливост на влијанијата што можат да ги имаат локалните политики и програми на различни категории на граѓани, особено на мажите и жените;
- Рамноправна распределба на буџетските средства на фер, праведен, ефикасен и одговорен начин;
- Подобрување на ефикасноста и ефективноста на влијанието на локалните политики и програми и разбирање дека од расходите ќе имаат корист оние на кои најмногу им е потребно;
- Поттикнување на транспарентноста и отчетноста на локалните институции;
- Напредок на локалните власти во однос на демократијата, праведниот, економски развој и родовата еднаквост;

- Поттик за локалната самоуправа и организациите во нејзина надлежност да водат родово-разделена статистика и да ги темелат иницијативите на анализи, кои пак ќе обезбедат подобро разбирање како се трошат средствата и ќе ја зголемат ефикасноста на политиките.

Оттука и општина Ѓорче Петров се приклучува кон ваквите инцијативи преку изготвување на оваа петгодишна Стратегија која ќе се имплементира во соработка со останатите сектори и одделенија во општината.

# 2 МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ

Нашите заложби се одразени во нашата визија, мисија, вредностите кои се обврзуваме да ги промовираме и застапуваме во иднина

**ВИЗИЈА**

Општина Ѓорче Петров како отворена, модерна, иновативна и развиена општина со еднакви можности и високо квалитетни услови за живеење за сите граѓани во урбаниот и руралниот дел.

**МИСИЈА**

Континуирано подобрување на квалитетот, условите, безбедноста и стандардите на живеење преку креирање на локални политики и воспоставување механизми за унапредување на еднаквите можности за жените и мажите во сите сфери на општественото живеење.

**ВО ШТО ВЕРУВАМЕ**

**Отвореност и транспарентност** на општинската администрација која ќе придонесе кон подобрена информираност и задоволство на граѓаните

**Еднаква застапеност и можности за сите без дискриминација**

**Партиципативност и вклучување на граѓаните во активностите на општината**

**Иновативност, во спроведување на политиките без дискриминација**

# 3 АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ

Општината Ѓорче Петров (ОЃП), се наоѓа во северозападниот дел на Скопје на пет километри од центраното градско подрачје. На нејзина територија се наоѓаат и селата Грачани, Кучково, Никиштане, Орман, Волково Ново Село и Кисела Јабука. Според пописот во 2002 год регистрирани се 41.674 жители од кои жени се 20.957 (50,34) и мажи 20,677 (49,66). Според етничката структура општината е составена од: Македонци 35.455 (85,15%), Срби 1.730 (4,16%), Албанци 1.597 (3,84%), Бошњаци 489 (1.117), Турци 368 (0,88), Власи 109 (026).

Според АВРМ, на територијата на ОЃП регистрирани се 1162 невработени лица, активни баратели на работа од кои 568 се од женски пол и 1625 се регистрирани како други лица кои бараат работа – пасивни баратели на работа. Од аспект на вработливоста еден од клучните предизвици за Општината е големиот број на граѓани со неоформено формално образовани кои живеат на територијата на Општината **од кои 20.957(50,34) % се жени и 20,677(49,66) % се мажи.** Ваквите состојби упатуваат дека на голем дел од граѓаните им се потребни доквалификации и преквалификации.

## 3.1 Образование и социјална заштита

Во однос на образовната структура, според податоците во месец октомври 2016 година во основните училишта учат 3.415 ученици од кои 1.667 девојчиња што изнесува 48,81% од вкупниот број ученици.

Во однос на постојниот кадар во училиштата, без разлика дали станува збор за наставен или технички како и во сите останати училишта на територијата на РМ, застапеноста на жените во образованието и наставата е очигледна. Од вкупно 305 вработени, 249 или 81,63% се жени, додека пак мажи се само 56 или 18,37%. Структурата на наставниот кадар е исто така во корист на жените, од вкупно 226 наставници 192 или 84,95% се жени , а само 34 или 15,05% наставници се мажи. Во училишните одбори на основните училишта од вкупно 54 членови 33 се жени или во проценти 61%, а 12 или 39% се мажи.

Во Советите на родителите на основните училишта земаат учество 174 родители од кои од женски пол се 107 или 61,5%, а од машки пол се 67 или 38,5%. Во раководењето на училишта

процентуалната застапеност на мажите и жените е еднаква. Имено од вкупно 6 основни училишта во 3 се директори жени.

Иако ваквите состојби во однос на процентуалната застапеност навидум се солидни тие не се единствениот параметар за еднаквоста.

Општината се соочува со недоволен број на објекти за детска заштита, односно детски градинки, Имено на територија на општина Ѓорче Петров има една јавна установа за згрижување и воспитно – образовна работа со деца од предучилишна возраст, во чиј состав работат пет објекти за згрижување на деца. Сите објекти се наоѓаат во урбанизираниот дел на општината . Во руралниот дел нема ниту еден објект. Според податоците заклучно со месец септември 2016 година, во градинката се запишани 1185 деца, од кои 617 од машки пол или 52,06 %, а 596 деца од женски пол или 47,93 %. Податоците добиени од детската градинка укажуваат на долга листа на чекање од над 600 деца. Поради горенаведениот проблем голем притисок се врши на постоечките објекти во урбаниот дел на општината. Во градинките групите се над 30 деца што е надвор од пропишаните стандарди - 20 деца во група.

Ваквите состојби имплицираат дека постои опасност да се продлабочи родовиот јаз, односно заради традиционалната улога на жената во грижата за децата, таа да биде попречена да се вклучи на пазарот на труд.

Други проблеми воочени на територијата на ОЃП поврзани со социјалната заштита, образованието и заштитата на децата се несоодветна процентуална застапеност на жените при:
-доделување на еднократна парична помош;
-недоволна помош и финансирање на самохраните родители од кои најголем дел се жени;
-појава на физичко и психичко насилство и злоупотреба, а при тоа
-непостоење на информации и центри каде жртвите можат да се обратат;
-недостаток на објекти за згрижување на стари лица,
-недоволна информираност за социјално ранливите групи за можностите за доквалификација или преквалификација,
-непостоење на истражување на територијата на општината за пазарот на труд во насока на подобрување на професионалната ориентација на младите,
-мали можности за помош при домување за млади лица итн .

## 3.2 Инфраструктурата

Во однос на покриеноста на територијата на Општина Ѓорче Петров со комплетна инфраструктура, водоводна, канализациона, патна мрежа, мрежа за улично, (јавно) осветлување и сл., состојбата е следна :

Констатирана е нецелосна покриеност на територијата на Општината со мрежа за снабдување со вода за пиење и технички потреби (водоводна мрежа). Анализата е направена од сопствени податоци на Секторот за урбанизам и комунални работи кој констатира дека околу 25% од територијата на Општината не е покриена со водоводна мрежа. ОЃП во наредниот период ќе работи на доизградба на водоснабдувачки системи, на местата каде што ги нема, со што би се подобриле условите за живот на населенито, посебно на жените на кои водата им е неопходна за работа и функционирање во домаќинството. На овој начин се обезбедува синергија помеѓу Стратегијата за родова еднаквост и активностите на Секторот за урбанизам во чија надлежност е овој сегмент.

Констатирана е нецелосна покриеност на територијата со систем за одведување и прочистување на комуналните води од домаќинствата и индустријата (фекална канализација). Анализата е направена од сопствени податоци на Секторот за урбанизам и комунални работи кој констатира дека околу 30% од територијата не е покриена со фекална канализација. Активностите на Секторот за урбанизам за наредниот период се во насока на доизградба на системи за одведување и прочистување на комуналните води од домаќинствата, на местата каде што ги нема, со што би се подобриле условите за живот на населението, вклучувајќи ги и жените.

Констатирана е нецелосна и недоволно изградена патна мрежа - модерни сообраќајници, кои придонесуваат за безбедност на граѓаните. Активностите на Секторот за урбанизам за наредниот период се во насока на изградба на нова и модернизација на постоечката патна и и улична мрежа, со цел за побезбедно движење и одвивање на сообраќајот, како и за подобрување на безбедноста при движење на пешаците.

Констатирана е состојба на покриеност на речиси целата територија со мрежа за улично(јавно) осветлување, меѓутоа има слаба осветленост која се должи на застарените светилки. Активностите на Секторот за урбанизам за следниот период се во насока на замена на мрежите за улично осветлување со енергетско ефикасни светилки кои даваат ефект на појако осветлување, за да се подобри сигурноста во движењето по улиците во вечерните часови, посебно на жените и децата .

Констатирана е појава на голем број кучиња скитници кои ја загрозуваат безбедноста на граѓаните. За овој проблем надлежен е Град Скопје , поради што активноста на Општината се состои во укажувањето преку дописи до градот за настанатиот и сè почест проблем и барање за преземање на мерки за решавање на истиот, за да се зголеми безбедноста на граѓаните при движење на територија на Општина Ѓорче Петров.

## 3.3 Урбанизам

Од анализата на состојбата на поднесени барања за добивање на одобренија за градење, доградба и надградба на објекти, како и адаптација на простор, од аспект на родовата застапеност на мажите и жените, која произлегува од состојбата на лица кои поседуваат земјиште и објекти по имотен лист, констатирано е дека во поголем процент се застапени мажите во однос на жените. На пример од

анализата на состојбата за 2015 год, констатирано е дека мажите се застапени со 67% , додека жените со 33% во однос на поднесени барања. Анализа на состојбата е направена и за досегашниот тек во 2016 год., од каде се констатира дека состојбата е променета во корист на жените, жените се застапени со 44% ,а мажите се застапени со 56% во однос на поднесени барања. Ова пак не е целосен показател за состојбите на жените во однос на поседувањето на имот, но е показател дека мора да се работи на унапредување на економската независност на жените. Имено, според податоците на државниот завод за статистика на територијата на РМ жените поседуваат 13% од имотот. Статистичките податоци за ОЃП не се достапни.

**Табела 1.** ***Податоци за поднесени барања за добивање на одобренија за градење, одобренија за надградба и доградба и адаптација на простор во системот е-градежна дозвола во ОЃП 2015***

| година | Тип на барање | Баратели | вкупно | севкупно |
|---|---|---|---|---|
| **2015** | **Одобренија за градење** | мажи | 39 | 47 |
| | | жени | 8 | |
| | **Одобренија за доградби и надградби** | мажи | 13 | 19 |
| | | жени | 6 | |
| | **Одобренија за пренамена, адаптација и реконструкција** | мажи | 8 | 18 |
| | | жени | 10 | |

**Табела 2.** ***Податоци за поднесени барања за добивање на одобренија за градење, одобренија за надградба и доградба и адаптација на простор во системот е-градежна дозвола во ОЃП 2016***

| година | Тип на барање | Баратели | вкупно | севкупно |
|---|---|---|---|---|
| **2016** | **Одобренија за градење** | мажи | 16 | 29 |
| | | жени | 13 | |
| | **Одобренија за доградби и надградби** | мажи | 12 | 20 |
| | | жени | 8 | |
| | **Одобренија за пренамена, адаптација и реконструкција** | мажи | 4 | 5 |
| | | жени | 1 | |

## 3.4 Спорт и рекреација

Основна цел во областа на спортот на ОЃП е да придонесе кон масовно вклучување на младите училишни генерации во разновидни спортски активности, со што ќе се придонесе за развој на здрава младина. Оттука приоритетите за 2016 година се насочени кон: развој на училишниот спорт и реализирање на сите програмски активности од општинско, регионално и државно натпреварување; учество на Општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на младите; создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, посебно младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот итн.

Од досегашните спортските активности и настани во ОЃП се издвојуваат следните: Ден на крстот –Традиционални селски игри, Бон-бон куп - забавно спортска рекреација за деца, Спортски активности за меѓуетничка соработка, „Спорт за сите деца”- забавно спортска рекреација за деца, ,,Спортуваме-другаруваме “ активност за деца со посебни потреби, ,, Традиционален крос “ и ,, Шаховска табла”- турнир во шах. Во склоп на училишен спорт, Општината финансира и формира две посебни лиги во одбојка за девојчиња. Податоците во училиштата покажуваат дека од вкупниот број на ученици во предметна настава ( 1427 ученици) во Општина Ѓорче Петров кој го опфаќаат сегментот на училишни спортски лиги и турнири се натпреваруваат вкупно 666 ученици или 53,09 %,. Во поглед на вклученоста на женски пол вкупно се 33 %, или околу 476 девојчиња.

Во изминатиот период на територијата на Општината изградени се 2 спортски сали и 14 игралишта што дава можности за развој на разни спортски активности. Сепак, Општината констатира дека капацитетите на спортските сали и игралиштата сѐ уште не се доволно искористени, а заинтересираноста на девојчињата за спортовите кои се нудат е недоволна. Оттука Општината во иднина ќе работи на унапредување на спортот кај девојчињата и поддршка на спортови прилагодени на интересите на младите момчиња и девојчиња. И во рамките на поддршката на невладини организации - за развој на училишниот спорт на основните училишта во општина Ѓорче Петров, согласно законот за средно образование, ОЃП особено ќе внимава на родовата застапеност во спортот и ќе афирмира спортови подеднакво интересни и за девојчињата.

## 3.5 КУЛТУРА

Во општина Ѓорче Петров традиционално се негуваат и финансиски се поддржуваат културните и историските традиции, етнологијата и фолклорот. Општината логистички и финансиски поддржува неколку културни манифестации и настани како Прослава на Водици, Прослава на верскиот празник Св.Трифун, (Св.Петар и Павле ), Прослава на Денот на крстот – Кучково, чествување на Патронот на Општината и посета на гробот на Патронот во Софија, Р Бугарија и одбележување на други државни празници. Преку поддршка на работата на КУД „ Глигор Прличев”, организирање на самостојни и здружени изложби од различен карактер, Културно лето ,, Ѓорче Петров”, Поетски средби, Литературно

читање во спомен собата на Анте Поповски и други активности Општината придонесува за збогатување на културните, едукативните и творечките новитети..

На територијата на општина Ѓорче Петров, од областа на културата постојат бројни историски споменици и спомен обележја (Споменикот на Ѓорче Петров на кружниот тек и во паркот на Општината, Спомен- плоча на загинати борци од НОБ, Спомен-чешма на паднатите борци од конфликтот во 2001 година, Спомен-плоча на паднатите бранители од конфликтот во 2001 година;), верски храмови ("Св.Апостоли Петар и Павле", Манастир "Св.Георгиј Победоносец" и др.) и објекти од областа на културата (Дом на култура „ Ѓорче Петров", библиотека „ Браќа Миладиновци").

Сепак анализите на Општината укажуваат дека постои недостиг на културни манифестации, недоволна заинтересираност и ненавремено информирање на граѓаните, како и различни пристапи и стереотипни погледи од страна на граѓаните кон различни културни манифестации. Во Општината постои културно-уметничко друштво, но има слаба заинтересираност. Библиотеката треба постојано да се збогатува со книжен фонд ,а видлива е и незаинтересираноста и неинформираноста на читателите. Домот за култура треба да се реконструира со цел за создавање услови за прикажување на театарски претстави, посебно за инволвирање и на најмладите, тие да се поттикнат да учествуваат во културни настани. Општината не нуди доволно можности за културно забавен живот во кој би се вклучиле и младите момчиња и девојчиња.

Односите меѓу мажите и жените и родовите улоги се тесно поврзани со културата. Ако културата ја разбереме како збир од духовни, материјални, интелектуални и емоционални карактеристики кои се типични за едно општество или социјална група, вклучувајќи ги фундаменталните права на едно човечко суштество, вредностите, традициите и верувањата тогаш јасно е дека родовиот идентитет има суштинско занчење во промоција на тие вредности и верувања и е тесно поврзан со културата.

Оттука, ОЃП ќе се стреми кон афирмација на родовата еднаквост како вредност преку културата. Општината верува дека преку промовирањето на културните вредности, организирање, промовирање и поддршка на културни манифестации и настани со цел помасовно вклучување на жената, може да се надмине стереотипното размислување за родовите улоги, најнапред во семејството-основната клетка на општеството. Значаен чекор во подобрување на родовата еднаквост е одбележување на меѓународни денови на жената (8ми Март, Превенција од рак, Превенција од семејно насилство, Ден на образование) кои ќе придонесат за подигнување на свеста кај женската популација и учество во општествениот живот „надвор од домот".

Темелено на анализата на состојбите во ОЃП ќе работи на 7 стратешки приоритети и низа на мерки и активности за унапредување на еднаквите можности на мажите и жените и вклучување на родовите аспекти во локалните политики и буџети.

# 4 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ 2017-2022

## 4.1 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

### 4.1.1 ЦЕЛ: ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВЕЕЊЕ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ

- Вклучување на жените во иницирање и решавање на проблемите во делот на инфраструктурата
- Реализација на урбанистичките планови кои ќе ги земат предвид потребите на мажите и жените
- Унапредување на водоснабдувањето во насока на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и особено на жените на територија на општина Ѓорче Петров
- Изградба на фекална канализација за с. Орман и с. Никиштани
- Изградба на модерна патна сообраќајна мрежа
- Подобрување на уличното осветлување со цел зголемување на безбедноста на жителите особено на жените
- Замена на постоечката мрежа со енергетски ефикасни светилки во насока на поквалитетно и подобро осветлување
- Отстранување на улични кучиња и намалување на опасноста од напади преку засилена соработка со Градот Скопје
- Изградба на градинки на територијата на ОЃП и згрижување на поголем број на деца од предучилишна возраст
- Зголемување на просторните услови во постоечките градинки и училишта со цел подобрување на пристапот и условите за одржување на настава .

## 4.2 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2. ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

### 4.2.1 ЦЕЛ: Унапредување на можностите за вработување

- Зголемување на можностите за вработување на социјално ранливите групи и жените во ризик
- Информирање на граѓаните и охрабрување на жените да се вклучат во програмите на Агенцијата за вработување
- Засилување на програмите за професионална ориентација во основните и средните училишта во согласност со потребите на пазарот на труд
- Подобрување на родовата еднаквост и застапеност во проектите и активностите за локален економски развој

## 4.3 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3. РОДОВИТЕ АСПЕКТИ И СПОРТОТ

### 4.3.1 ЦЕЛ: Сразмерно и правонаменско искористување на спортските капацитети

- Зголемување на искористеноста на спортските капацитети и стимулирање на жените и девојките за вклучување во спортот
- Финансиска помош за женскиот спорт
- Бесплатни и соодветни термини за користење на спортските капацитети
- Организирање на спортски активности во кои ќе бидат вклучени жените
- Трибини и дискусии за женско здравје и афирмација на спортот

## 4.4 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4. ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРАТА

### 4.4.1 ЦЕЛ: Унапредување на положбата на жената преку афирмација во областа на културата

- Утврдување на потребите и интересите на мажите и жените, младите и повозрасните во ОЃП за видот и типот на културни манифестации
- Континуирано одржување на културни манифестации и активно вклучување на жените и мажите во културниот живот на општината
- Изнаоѓање на соодветни начини за подобрено информирање и стимулирање на жените и девојките за учество во културни манифестации
- Осовременување на постоечкиот центар за култура за прикажување на театарски и кино претстави

## 4.5 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5. РОДОВИТЕ АСПЕКТИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

### 4.5.1 ЦЕЛ: Подигнување на нивото на образование и доквалификација преку оформување на формалното образование

- Менторирање на жените за дооформување на образованието и доквалификација
- Засилување на улогата на Општината во поврзување на граѓаните со институциите и центрите за квалификација, преквалификација, доквалификација и обука
- Организирање на скратена настава за лицата без оформено образование во соработка со други институции и организации
- Подобрување на информираноста на жените, нивно поттикнување и вклучување во образовниот процес
- Иницирање на соработка со релевантните установи за спроведување на преквалификации и доквалификации за граѓаните на ОЃП

- Подобрување на образовните програми и наставните содржини во градинките и училиштата за промовирање на концептите на родовата еднаквост, недискриминација и разбивање на стереотипите

## 4.6 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 6. БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

### 4.6.1 ЦЕЛ: Намалување на физичкото и психичкото насилство во Општина Ѓорче Петров

- Едукација на жените- потенцијални жртви на семејно насилство
- Воведување на СОС линија за пријавување на насилници
- Воспоставување на врска меѓу центрите за згрижување и локалната полиција
- Формирање на дата база на податоци за социјално загрозени групи

## 4.7 СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 7. РОДОВИТЕ АСПЕКТИ И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

### 4.7.1 ЦЕЛ: Унапредување на организациските и институционални капацитети за интегрирање на родовите аспекти во политиките и буџетите

- Воведување на систем за собирање на родово разделени податоци во сите области од работењето на Општината
- Унапредување на капацитетите на Комисијата за еднакви можности преку обуки и менторство
- Создавање на внатрешна процедура за задолжително разгледување на програмите на Општината од страна на Комисијата за еднакви можности (КЕМ) во насока на нивна родова сензибилизација
- Подготовка на насоки за начинот на работа на КЕМ и листа за проверка на програмите
- Вклучување на граѓаните особено жените во процесот на консултации во креирањето на локалните политики
- Зајакнување на капацитетите на вработените во Општината за проектен менаџмент, подготовка на апликации и пристап до фондови (ИПА, билатерлани итн) со цел генерирање на финансиски средства за унапредување на еднаквите можности

Стратегијата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3758/7** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 22.12.2016 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Гоце Петрески**

## 4.8 ИНДИКАТОРИ НА НИВО НА ЦЕЛИ

**Стратешки приоритет 1**

- Пристап до здрава вода
- Зголемена безбедност на движење на жените и децата
- Подобрени санитарни услови
- Број на новоизградени градиники и домови за стари лица

**Стратешки приоритет 2**

- Намален % на невработеност на ОЃП особено на жените за 10% до 2022
- Зголемен број на преквалификувани жени на пазар на труд

**Стратешки приоритет 3**

- број на машки женски клубови и број на членови на тие клубови
- Зголемување на бројот на корисници стари-млади; мажи-жени за 15%
- Зголемување на бројот на женски клубови/спортисти за 20%

**Стратешки приоритет 4**

- Зголемен број на културни настани (кино, изложби, театерски претстави) за 15%, кои ги одразуваат интересите и потребите на различни групи граѓани
- 30% зголемен број на момчињата и девојчињата вклучени во ликовни и литературни конкурси
- %' на мажи и жени кои ги посетиле културните настани

**Стратешки приоритет 5**

- Зголемен број на граѓани со завршено основно образование во ОЃП за 30% до 2021 година од кои ½ жени
- Зголемен број на жени со доквалификација во ОЃП за 20% до 2021
- Зголемен број на часови со акцент на родовата еднаквост во училиштата за 10% до 2021

**Стратешки приоритет 6**

- намалување на лица жртви на злоупотреба и семејно насилство
- донесени протоколи за постапување во случај на насилство
- функционална СОС линија
- Зголемен број на поднесоци од самохрани татковци

**Стратешки приоритет 7**

- Број на седници на Советот на кои се разгледуваат програмите од родов аспект
- Број на упатени прашања до секторите и одделенијата
- Број на поднесени иницијативи за унапредување на еднаквоста

# ПРИЛОГ 1. ОСНОВНИ ПОИМИ

**Род** е општествено создадена разлика помеѓу мажите и жените. Ова е различно од пол. Полот претставува биолошка разлика помеѓу мажите и жените. Кога се споменува дека мажите и жените не се еднакви, не мислиме само на биологија (биолошки/полови разлики) туку исто така зборуваме и за различните улоги кои се создадени од општеството (родови разлики).

**Родовите улоги** се социјално дефинирани, тие варираат од една во друга култура, па дури и во рамки на една култура и како такви се подложни на промени и редефинирање со текот на времето.

**Родова свесност** е препознавањето дека мажите и жените исполнуваат различни улоги во општеството и дека последователно имаат различни потреби кои мора да се земат во предвид.

**Родова еднаквост** е концептот дека еднакви права и можности треба да уживаат сите жени, мажи, момчиња и девојчиња во сите аспекти на нивното живеење: општествени, политички, правни и економски.

**Родова рамка** е алатка за рационализирање на анализата на потребите и прашањата на мажите, жените, девојчињата и момчињата (особено нивната взаемна поврзаност во општеството). Ова во исто време е и водич за изготвување на методологии и политики.

**Родова осетливност (сензитивност)-** Термин кој се однесува на способноста да се сфати и обелодени постоењето на родовите разлики, проблеми и нееднаквости и тие да се вградат во стратегиите и акциите за нивно надминување.

**Родово разделени податоци** – Утврдувањето и подготвувањето на родовата статистика е комплексен процес кој ја надминува едноставната поделба на показателите на категориите мажи и жени. Родоразделените податоци се насочени кон прашањата кои имаат определена важност за жените и мажите и нивните различни улоги и позиции во општеството.

**Родова рамнотежа** е идеалната состојба каде сите жени, мажи, девојчиња и момчиња ги уживаат еднаквите можности и живеат со меѓусебна почит.

**Родов фокус** се однесува на политики или дејства кои се посебно дизајнирани за да одговорат соодветно на потребите на мажите, жените, девојчињата и момчињата, во случаи кога се работи за потреби дефинирани од родовиот аспект на нивниот идентитет.

**Родова дискриминација** е разликата во однесување кон некого/некоја само поради нивниот род. Оваа дискриминација допринесува за структурни нееднаквости во општеството.

**Родова десегрегација** на податоци е класифицирање на информации врз основ на полот, што нуди основни индикатори за потребите врз основ на род.

**Родова анализа** е критичната проценка на прашања кои влијаат врз мажите и жените во одредени состојби или политики.

**Родово интегрирање** е кога се влијае на развојните политики и планирани програми, без оглед на секторот или типот на проект. Интегрирањето е целосно различна стратегија на креирање политики од поделбата на родови прашања по различни „женски проекти“. Самиот концепт родово интегрирање се користи од страна на тие кои го гледаат женскиот развој како силно поврзан со зголемувањето на учеството на жените и нивната моќ, со цел да може да одговорат на предизвикот на родова нееднаквост. Од овој аспект, родово интегрирање подразбира трансформација над развојниот процес.

**Родово буџетски иницијативи (РБИ)**- Иницијативи за процеси на родова сензибилизација на буџетите. Нивната цел е да овозможи механизми со чија помош владите/локалните самоуправи во соработка со парламентот, граѓански групи, донатори и други агенции за развој, ќе можат да ја интегрираат родовата перспектива во планирањето, креирањето и спроведувањето на буџетот.

## ПРИЛОГ 2. СВОТ анализа

| **ЈАКИ СТРАНИ** | **МОЖНОСТИ** |
|---|---|
| Силна посветеност на институцијата<br>Обучена администрација и комисија<br>Консултации со засегнати страни<br>Хоризонтална соработка помеѓу секторите и одделенијата<br>Работна група за родова еднаквост | Добра соработка со одделението за унапредување на родовата еднаквост при МТСП<br>Проекти за унапредување на ГРБ во соработка со УН ВОМЕН<br>Соработка со Акција Здруженска |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | **ЗАКАНИ** |
| - Недостаток на родово разделени податоци во сите области<br>- Недоставување на програмите до Комисијата за еднакви можности (КЕМ)<br>- мала информираност на граѓаните и вклучување во политиките<br>- Немање кворум за работа на КЕМ<br>- Мали финансиски средства<br>- Отсуство на Претседател на комисија во подолг временски период<br>- Непочитување на законот за еднакви можности на мажите и жените<br>- Насоки за работата на Комисијата<br>- Програмите не ги гледаат координаторите и комисиите<br>- Недоволно финансирање во општината за прашања од областа на родовата еднаквост и поттикнување на можностите на мажите и жените<br>- Следење на фондови и подготовка на апликации | Недоволно разработена законска регулатива (закони и подзаконски акти) за работа на КЕМ и<br>Сензибилност на претседавачите и нови членови на КЕМ<br>Недостиг на финансиски средства при буџетирање на Општината од дотации и капитални инвестиции |

# ПРИЛОГ 3. ИНСТИТУЦИОГРАМ

Министерство за образование и наука
Центар за образование на возрасни
Центар за средно стручно образование
Агенција за вработување
Биро за развој на образование
Град Скопје
Министерство за култура
Министерство за труд и социјална работа
Завод за културно наследство
Агенција за млади и спорт
Агенција за катастар на недвижности
Институт за историја
Институт за фолклор
Меѓуопштински центар за социјални работи
Министерство за животна средина
Комисија за заштита од дискриминација
Министерство за локална самоуправа
Агенција за рурален развој
Скопски плански регион
Министерство за транспорт и врски
ЈП - Агенција за државни патишта
Министерство за внатрешни работи

**ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

***Култура***
КУД „Глигор Прличев”
Театар „Пампурче”
Здружение за латино и модерни танци „Бранко и Бранкица”
КУД „Скопје”

***Спорт***
Фудбалски клуб „Македонија”,
Фудбалски клуб ,,Волково,,
Тениски клуб ,, Вилсон,,
Кајакарски клуб „Ласта”
Ракометен, Кошаркарски и Одбојкарски клуб
Карате клуб ,, Ѓорче Петров ,,

**Социјала и образование**
Здружение на граѓани „Дендо Вас”
Здружение на граѓани ,, Лил,,

ЗЕЛС
**Меѓународни организации**

**УН ВОМЕН**
**ОБСЕ**
**УНДП**
**Швајцарска агенција за развој**
**УСАИД**
**МЦГО**

**МЕДИУМИ И ОПШТА ЈАВНОСТ**

Електронски пишани и аудио медиуми во зависност од програмата и редакцијата

Веб страница на Општината
Социјални мрежи

Телевизија МТМ
Телевизија ЕДО
Дневни весници

## ПРИЛОГ 4. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2017

**Акцискиот план ги одразува приоритетите на општина Ѓорче Петров во 2017 година во насока на унапредување на еднаквите можности на мажите и жените во три сектори на делување: комунални работи, унапредување на образованието и унапредување на културата .**

| *Со реден број* | МЕРКА | ИНДИКАТОР | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРЕН |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Истражување на интересот на граѓаните за посетеност на културни настани преку анкетирање | Спроведена анкета и обработени резултати според интересите на различни категории граѓани, особено мажите и жените | 120.000,00 денари | 3 месеци<br>Јануари, Февруари, Март 2017 година | Оделение за подршка на градоначалникот<br>Оделение за јавни дејности<br>Координатор за еднакви можности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Организирање на културни манифестации кои промовираат родова еднаквост | Зголемување на бројот на културни настани ( изложби, театар, итн) | 200.000,00 денари | Во текот на цела година | ↓ |
| **3.** | Анализа на вклученост на женската популација во спортот | Напредна анализа<br><br>Добиени статистички податоци | 15.000,00денари | 3 месеци /2017 | ↓ |
| **4.** | Стимулирање на женската популација за вклучување во спортот преку финансиска помош | Зголемување на бројот на женски клубови/спортистки 20% | 50.000,00 денари | 2017 | Одделение за јавни дејности |
| **5.** | Стимулирање на вклучување на жените во спортот преку обезбедување на бесплатни и соодветни термини | Број на бесплатни термини | 30.000,00 денари | 2017 | Одделение за јавни дејности |
| **6.** | Зголемување на можности за вработување на социјално ранливи групи и жени во ризик преку информирање и поврзување со соодветна | Зголемен број на вработени на социјално загрозени | 150.000,00 денари | 2017 | Одделение за јавни дејности |

| |
|---|
| институција |

| *Со реден број* | МЕРКА | ИНДИКАТОР | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРЕН |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Оформување на формалното образование преку организирање на скратена/убрзана настава | Зголемен број на граѓани со завршено основно образование во ОЃП за 5% од кој ½ ке бидат жени | 150.000 ден. | 1 год - 2017 | Одделение за јавни дејности |
| **2.** | Поддршка на ниво на образование и докфалификување преку информирање, поттикнување и вклучување | Зголемен број на жени со докфалификации ОЃП за 4% | 150.000 ден. | 1 год - 2017 | Одделение за јавни дејности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | Промовирање на родова еднаквост во училиштата<br><br>Организираност на проектни активности и работилници ( игри по пат на промена на улогата) | Зголемен број на часови со акцент на родова еднаквост во ООУ за 2% | 100.000 ден. | 9м/2017 | Одделение за јавни дејности |
| **4.** | Професионална ориентација на учениците во ООУ<br><br>Едукација на учениците вклучувајќи работни организации – работилници | Професионално насочување на ученици од прво до осмо оделение ( имплементирано во наставен процес) за 2% | 60.000 ден. | 9м/2017 | Одделение за јавни дејности<br><br>ООУ |
| **5.** | Поделени финансиски средства на самохрани родители (Т/М) – разбивање на стереотипи<br><br>Информирање и вклучување преку триб. на самохрани родители | Зголемени барања од самохрани татковци за 5% | 70.000 ден | 9м/2017 | Комисија за доделување на парична помош<br>Сектор за финансирање и буџет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | Подеднаква пропорционална застапеност кај м/ж при доделување на финансиска помош<br><br>Вклученост преку медиуми, трибини, работилници | Зголемен број на поднесени барања и реализации за 4% | 70.000 ден | 1 год. - 2017 | Комисија за доделување на парична помош<br><br>Сектор за финансирање и биџет |
| **7.** | Вработување на соодветни дефицитарни профили во Општината (создавање услови и финансии за реализација) | Вработување на социјални работници во Општина Ѓорче Петров | 400.000 ден | 1 год - 2017 | МЧР<br><br>Одделение за човечки ресурси |

| *Со реден број* | МЕРКИ | ИНДИКАТОР | БУЏЕТ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРЕН СЕКТОР |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Изработка на проекти за фекална канализација с.Орман и с. Никиштани | 6 км и 2 мини пречистителни станици биолошки (со бактерии) | 2.000.000<br>Општински буџет | 2017<br>1 година | Сектор за Урбанизам |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Изградба на фекална канализација во: реон.<br>с. Волково 25км,<br>с.Орман 3км+ преч.станица,<br>с. Никиштани 3км+ преч+станица | | -70.000.000<br>-17.000.000 + 620.000.000<br>149.000.000<br>- самопридонес<br>- Агенција за рурален развој<br>- Министерство за животна средина (МЖСПП)<br>- Министерство за транспорт и врски (МТВ) | 2017-2022 г | Сектор за Урбанизам |
| **3.** | Изградба на водоводна мрежа: Волково, Орман, Никиштани | 12км+3км+3км<br>18км | - 51.000.000<br>- агенција за рурален развој<br>- МЖСПП<br>- МТВ | 2017-2022 г | Сектор за Урбанизам |
| **4.** | Доизградба на модерна сообраќајна мрежа – урбан дел од Општина | 12 км | - 150.000.000<br>- Општина Г.Петров<br>- МТВ<br>- Агенција за рурален развој | 2017-2022 г | Сектор за Урбанизам |
| **5.** | Улично осветлување реон. | 5000 канделабри | - 7.500.000<br>- општина Г. Петров | 2017-2018 | Сектор за Урбанизам |
| **6.** | Отстранување улични кучиња | од број на пријави | - Буџет - Град Скопје | 2017 | ЈП Комунална хигиена |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7** | Зграјување на поголем број на деца од предучилишна возраст | 1 објект Волково – 120 деца<br>Преадаптација на дел од објект во ОУ „Димитар Поп Беровски" во градинка | - 10.000.000 општина и МТСП<br>- 500.000 општина и МТСП | 2017 | Сектор за Урбанизам |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Акционен План на активности за меѓуетничка интеграција во основното образование во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Акциониот План на активности за меѓуетничка интеграција во основното образование во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Педесет и осмата седница на Советот, одржана на ден 22.12.2016 година.

**Број 09-3834/6**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

# АКЦИОНЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## I. ПОЈДОВНИ ЦЕЛИ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Грижата за децата, посебно за најмладите е врвен приоритет на Општината Ѓорче Петров и таа посветува големо внимание на унапредување на условите за учење во сите основни училишта и промовира почитување, толеранција и еднаквост без разлика на верска, етничка или полова припадност.

Основна цел на Меѓуетничката интеграција во основните училишта во Општина Ѓорче Петров е подобрување на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните препреки преку:

- промовирање на мултикултурноста во локалната заедница и реализација на заеднички проекти на општината и училиштата;
- унапредување на меѓуопштинска соработка на повеќејазичните училишта;
- обезбедување соработка на Комисијата за образование во Општината со основните училишта насочена кон промоција на резултатите и постигањата на учениците во однос на меѓуетничката интеграција.

## II. АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

Активностите на програмата се насочени кон давање стручна, техничка и материјална поддршка за инволвирање на сите заинтересирани страни учениците, наставниците и родителите да земат активно учество во воведувањето на промени на ниво на училиште во неколку различни домени и тоа:

1. Развивањето на **училишна клима и односи во училиштето** преку активна соработка на сите училишни структури, ученици, наставници, родители во спроведувањето на визијата и мисијата на МИО. Градење на демократска средина која негува недискриминација и еднаков третман со активно ги вклучување на родителите во организација на настани, културни манифестации, јавни дебати кои се однесуваат на негување на вредностите, традицијата и обичаите на другите етнички заедници.

2. Во доменот на **управување и раководење со училиштата,** Училишниот одбор активно се вклучува во промовирање на меѓуетничките односи и внесување на мултикултурноста во програмата за работа на училиштето.

3. **Настава, учење и компетенции на наставниците за практична примена на МИО** овозможуваат запознавање на културата, обичаите и традицијата, јазикот и историјата, верската припадност на другите етнички заедници преку организирање на заеднички активности со партнерските училишта. Во доменот на развивање на компетенциите на наставниците, проектот предвидува обука на наставниците за препознавање на етничките стереотипи и предрасуди во училишната практика и негување на вредностите, традицијата и обичаите на другите етички заедници за етничката интеграција, наместо етничка поделба.

Училиштата практично ја имаат клучната улога во унапредување на меѓуетничката интеграција и во рамките на Годишната програма за работа имаат изготвено Програма или план на активности за меѓуетничка интеграција. Во сите училишта се формирани тимови за училишна интеграција (СИТ – ови) кои треба да ја предводат програмата и да ги координираат сите активности.

Меѓуетничката интеграција врши поврзување или збратимување на еднојазични училишта со партнерски училишта од друга етнички заедница. Основните училишта во Општина Ѓорче Петров имаат воспоставено партнерства со основни училишта во кои наставата се одвива на албански јазик. Во табелата се

дадени основните информации за тимовите за меѓуетничка интеграција во основните училишта и партнерските училишта.

| МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | | |
|---|---|---|
| **Општина Ѓорче Петров** | | |
| Одговорни лица | 1. Соња Палчевска-Ќосева | |
| | 2. Тања Барјактарова | |
| Координатор на СИТ- овите | 1. Ампова Валентина – одделенски наставник во ООУ Тихомор Милошевски | |
| **ООУ „Ѓорче Петров“** | | |
| Партнер училиште | ОУ „Дитурија“ | Општина Сарај |
| Членови на СИТ: | **1.Дивна Мицкова Гаврилова-** наставник по анг.јазик | |
| | 2.Зоран Бошковски - директор | |
| | 3.Софка Димитриевска - педагог | |
| | 4.Викторија Даниловска - одделенски наставник | |
| | 5.Елена Думиќ - одделенски наставник | |
| | 6.Весна Скилевска - одделенски наставник | |
| | 7.Ружица Димовска - наставник по историја | |
| **ООУ „Мирче Ацев“** | | |
| Партнер училиште | ОУ „Бајрам Шабани“ | Општина Сарај (с.Кондово) |
| Членови на СИТ: | **1. Валентина Алексовска - педагог** | |
| | 2. Гоце Боцевски - директор | |
| | 3. Елена Апостолова - одделенски наставник | |
| | 4. Маја Василевска Ставров - одделенски наставник | |
| | 5. Јулијана Гугоска - предметен наставник | |
| | 6. Маја Арсовска - предметен наставник | |
| **ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“** | | |
| Партнер училиште | ОУ „Фаик Коница“ | Општина Сарај (с. Радуша) |
| Членови на СИТ: | **1. Иван Дејановски - предметен наставник** | |
| | 2. Јасмина Костадиновска - директор | |
| | 3. Борка Бошковска Јурукова - психолог | |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. Фиданка Петрушевска - одделенски наставник | |
| | 5. Александра Стојанова - одделенски наставник | |
| | 6. Сузана Ристеска - предметен наставник | |
| **ООУ „Страшо Пинџур“** | | |
| Партнер училиште | ОУ „Сами Фрашери“ | Општина Сарај (с.Глумово) |
| Членови на СИТ: | **1. Силвана Стојковска – одделенски наставник** | |
| | 2. Методи Наковски - директор | |
| | 3. Светлана Златеска - Шкрбина - психолог | |
| | 4 Снежана Димовска - одделенски наставник | |
| | 5. Елена Јованова - предметен наставник | |
| | 6. Анета Ѓорѓиевска - предметен наставник | |
| **ООУ „Тихомир Милошевски“** | | |
| Партнер училиште | ОУ „Дрита“ | Општина Сарај (с.Копаница) |
| Членови на СИТ: | **1. Богоевска Валентина – одделенски наставник** | |
| | 2. Анета Божиновска - директор | |
| | 3. Мирческа Ирена - психолог | |
| | 4. Ампова Валентина - одделенски наставник | |
| | 5. Савевска Силвана - предметен наставник | |
| | 6. Крстевска Тања - предметен наставник | |
| **ООУ „Јоаким Крчоски“** | | |
| Партнер училиште | ПОУ „Јоаким Крчоски“ | Општина Ѓорче Петров (с.Никиштане) |
| Членови на СИТ: | **1. Борјанка Стојчевска – предметен наставник** | |
| | 2. Соња Лазороска - директор | |
| | 3. Селаедин Исаки - помошник директор | |
| | 4. Гордана Несторовска - психолог | |
| | 5. Емел Селмани - одделенски наставник | |
| | 6. Сања Андевска - одделенски наставник | |

**III. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2017 год.**

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНИ ЛИЦА | ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|---|---|
| **1. Училишна клима и односи во училиштето** | | | | |
| **Негување на вредностите, традицијата и обичаите на другите етички заедници во основните училишта во вонанаставни и слободни ученички активности** | • Дополнување и доуредување на **Етно катчињата и иконографијата** во училиштата (ООУ „Ѓорче Петов“, ООУ „Тихомир Милошевски“, ООУ „ Страшо Пинџур“, ООУ„Мирче Ацев“ и ООУ „Димитар П. Г. Беровски“);<br>• Презентација **на ликовни творби** и проекти за обичаите и традицијата на различните етнички заедници во Етно катчињата;<br>• Училишен **ликовен конкурс и изложба** на најуспешни детски ликовни творби;<br>• **Работилница** за одбележување на Меѓународен ден на Црвен крст и Црвена полумесечина во ООУ „Јоаким Крчоски“;<br>• **Проект:** „Исламска верска заедница во Македонија“ во ООУ „Јоаким Крчоски“.<br>„Еколошка акција“<br>• (уредување на дел од училишниот двор со садници-парк на пријателство, пријателски фудбалски натпревар, литературно и ликовно творење на тема „Екологија“ | Тим за училишна интеграција, наставници, стручни служби | - детски ликовни творби<br>- плакати со проекти<br>- кукли, куклен театар<br>- фотографии<br>- пофалници / дипломи | март<br>април<br>мај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Партиципација на учениците во процесите на демократско одлучување по однос на прашањата што се однесуваат на меѓуетничката соработка** | • **Квизови** и **дебати** на училишно ниво на тема „Образованието клуч на успехот“;<br>• Презентирање и одбрана на **теза**;<br>• Изработка на **постер, плакат и сликовници** на тема „Другарство“. | Тим за училишна интеграција, раководители на паралелки, стручни служби | - фотокопии<br>- фотографии<br>- аудио-визуелни средства<br>- материјал за изработка на плакати (хартија, бои, фломастери, лепило и сл.) | април |
| **Активно вклучување на родителите преку Советот на родители во училиштето во проектот "Меѓуетничка интеграција во образованието"** | • Внесување на мултикултурноста во програмата за работа на Советот на родители;<br>• Политика на донесување одлуки од сферата на меѓуетничките односи;<br>• Вклучување на Советот на родители во изработка на МИО програма на училиштето за следната учебна година<br>• Организирање на настани, културни манифестации, јавни дебати. | Тим за училишна интеграција, наставници, стручни служби | - техничка поддршка за презентација: лаптоп, LCD проектор и сл. | март |
| **2. Управување и раководење со училиштата** | | | | |
| **Вклучување на органите на управување (Училишните одбори) во промовирање на проектот "Меѓуетничка интеграција во образованието"** | • **Усвојување** и промовирање на Програмата на меѓуетничка интеграција на училиштето;<br>• **Обезбедување ресурси** за реализација на Програмата за меѓуетничка интеграција во училиштата;<br>• **Градење на позитивен став** кон различните етнички заедници во училиштата. | Училишен одбор, Директор, Тим за училишна интеграција, Одделение за јавни дејности | - стручна литература<br>- прирачници<br>- работни материјали<br>- техничка подршка за презентација: лаптоп<br>- проектор и сл | август<br><br>по потреба<br><br>континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Унапредување на меѓуопштинска соработка со ОпштинаСарај** | • Организиеање на **заедничка средба** со секторот за образование во Општина Сарај;<br>• **Координација на заеднички активности на** општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров и партнерските училишта од Општина Сарај. | Одделение за јавни дејности, Општина Ѓорче Петров | - работни матерјали<br>- стручна литература<br>- прирачници | февруари<br>март |
| **Соработка на Комисијата за образование и Советот на општината со тимовите за училишна интеграција за промовирање на Меѓуетничката интеграција во образованието** | • **Усвојување** и промовирање на програмата на меѓуетничка интеграција на Општината;<br>• **Обезбедување ресурси** за реализација на програмата за Меѓуетничка интеграција на Општината;<br>• **Активна партиципиција** на членовите на Комисијата за образование во заедничките активности на училиштата на локално ниво. | Комисијата за образование, Тим за училишна интеграција, Одделение за јавни дејности | - стручна литература<br>- прирачници<br>- работни материјали<br>- техничка поддршка за презентација: лаптоп, проектор и сл. | септември<br>континуирано<br>за време на активностите |
| **Координација и следење на активностите на Меѓуетничката интеграција во основните училишта** | • Координација на **планираните** активности на МИО во основните училишта;<br>• Редовни месечни **состаноци** на одговорните за образование со тимовите за училишна интеграција;<br>• Следење на реализацијата на активностите и логистичка поддршка;<br>• **Евалуација** на активности на МИО по индикаторите за самопроценка. | Тим за училишна интеграција, Одделение за јавни дејности | - работни материјали<br>- стручна литература<br>- прирачници | континуирано |
| **3. Наставата и учењето и компетенциите на наставниците за практична примена на МИО** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Запознавање на културата, обичаите и традицијата, јазикот и историјата, верската припадност на другите етнички заедници во наставниот процес**<br><br>**Теми за реализација:**<br>"И различните може да се дружат",<br>"Почитување на другите",<br>"Разрешување конфликти",<br>"Прифаќање сличности и разлики"<br>„Зошто сме слични и различни„<br>„Претстави ја Македонија„<br>„Моите другари„<br>„Ние сме виножито„<br>„Различни семејства – иста љубов„<br>„Дел и целина„<br>„Да го запознаеме светот„ | • Реализација на работилници на часовите на одделенска заедница според програмата на образование за **животни вештини**;<br>• Изработка на ликовни творби на часовите по **ликовно образование**;<br>• Литературни творби и драматизации на часовите по **македонски јазик**;<br>• Соработка и поврзаност на часовите по **запознавање со религиите**;<br>• Свирење на традиционални инструменти, пеење и слушање музика од различни етнички заедници на часовите по **музичко образование, хор и оркестар**;<br>• Истражување: Најголеми верски празници на населението во Р. Македонија и пишување есеј на тема: „Групата во која припаѓам“ на часовите по **општество**;<br>• Едукација, дијалог, играње улоги за време на наставата по **граѓанско образование**;<br>• Демографска карактеристика, структура на населението на часовите по **географија**. | Тим за училишна интеграција, наставници, стручни служби, раководители на паралелки | - стручна литература<br>- материјал за ликовни активности (хартија, бои, фломастери, пластелин, глинамол, платно и сл.)<br>- кукли,<br>- музички инструменти<br>- фотокопии<br>- фотографии<br>- аудио-визуелни средства | континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Градење на позитивен став кон различните етички заедници во мултикултурно општество и реализирање на активности за партнерство со училиште со друг наставен јазик** | • **Еколошки работни акции** по кои следува другарување и забава;<br>• Посета на **верски објекти** во ООУ „Ѓорче Петров“ и ООУ „Мирче Ацев“;<br>• Заедничко прославување на **верски празници** во ООУ „Јоаким Крчоски“;<br>• Реализација на **Велигденски / Бајрамски Базар** со учество на родителите со домашни изработки на традиционална храна и украси во ООУ „Тихомир Милошевски“ и ООУ „Страшо Пинџур“;<br>• „Игри без граници„ -спортски штафетни игри. | Директор,<br>Тим за училишна интеграција,<br>наставници,<br>стручни служби | Секое училиште во зависност од планираните активности има планирани потребни ресурси | јануари - декември |
| **Денови на мултиетничка интеграција во Општина Ѓорче Петров** | • Одбележување на **8-ми Март** во ООУ „Мирче Ацев“ и ООУ „Димитар П. Г. Беровски“;<br>• Заедничка **научно - наставна екскурзија** за учениците од 3-то одделение во ООУ „Јоаким Крчоски“ и ПОУ „Јоаким Крчоски“;<br>• Работилница за изработка на новогодишни украси и честитки и **Новогодишен хепенинг** во ООУ „Тихомир Милошевски“ и ООУ „Ѓорче Петров“.<br>Еколошка „Еколошка акција“<br>• (уредување на дел од училишниот двор со садници-парк на пријателство, пријателски фудбалски натпревар, литературно и ликовно творење на тема „Екологија“ООУ„Страшо Пинџур“ | Директор<br>Тим за училишна интеграција<br>Наставен кадар<br>Стручни служби<br>Одделение за јавни дејности | Секое училиште во зависност од планираните активности има планирани потребни ресурси | март<br>април-мај<br>декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Развивање на капацитетите на наставниците** | • Обука и **дисеминација** на ново вработен наставен кадар;<br>• Консултативни средби на **стручните активи**-усогласување на активности и размена на искуства на стручни активи на македонски и албански наставен јазик;<br>• Размена и **заедничка изработка** на **наставни матерјали**;<br>• **Помош и поддршка** во изготвувањето на дневната подготовка, дневен оперативен план за наставната единица содржина каде ќе се реализира МИО;<br>• **Набљудување на едукативни работилници и заеднички активности** од страна на тимот за училишна интеграција;<br>• **Отворени часови** со мултиукултурни работилници;<br>• Разгледување примери на **успешни практики** во наставата и вонннаставните активности;<br>• **Евалуација** и **сертификација** на наставен кадар; | Тим за училишна интеграција, наставници, стручни служби | - стручна литература<br>- прирачници<br>- работни материјали | јануари - декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Толеранција и почитување на разликите на етичките заедници**<br><br>**Промоција на резултатите и постигањата на учениците во проектот "Меѓуетничка интеграција во образованието"** | • **Заедничка завршна манифестација**<br><br>Презентација на ликовни и литературни творби, драматизаци, хорски изведби, народни ора и други проекти кои се однесуваат на разликите на етничките заедници.<br><br>На манифестацијата ќе земат еднакво учество сите основни училишта од Општина Ѓорче Петров и партнерските училишта од Општина Сарај. | Тим за училишна интеграција Одделение за јавни дејности Општина Ѓорче Петров | Обезбеден простор за манифестација (Центар на култура во Општина Ѓорче Петров) | мај |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

Финансирањето на активностите утврдени со Акциониот план за меѓуетничка интеграција на локално ниво е предвидено со Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за 2017 година под точка 7. Поддршка и партиципација на проекти (МИО, екологија, безбедност во сообраќај и сл). Училишните активности ќе бидат финансирани од средствата на основните училишта, планирани со финансовите планови на училиштата. Дополнителни средства ќе можат да се обезбедат преку апликација за финансиска поддршка на Проектот **"Меѓуетничка интеграцијаво образованието"** на УСАИД.

Акциониот план влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3758/8**
**Од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за Годишен План за вработување за 2017 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност за Годишен План за вработување за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и осмата седница на Советот, одржана на ден 22.12.2016 година.

**Број 09-3834/7**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14 и 27/16), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 58-та седница одржана на 22.12.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за Годишен план**
**за вработување за 2017 година**

**Член 1**

Со Одлуката се дава согласност на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2017 година, број 04-3759/1 од 15.12.2016 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-3758/9**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Урбанистички План за Село-УПС КУЧКОВО со разработка на карактеристичен БЛОК Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички План за Село-УПС КУЧКОВО со разработка на карактеристичен БЛОК, Општина Ѓорче Петров – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и осмата седница на Советот, одржана на ден 22.12.2016 година.

**Број 09-3834/8**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13), член 23 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советотот на Општина Ѓорче Петров-Скопје, на 58-та  седница одржана на 22.12.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за донесување на Урбанистички План за Село-**
**УПС КУЧКОВО со разработка на карактеристичен БЛОК**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува **Урбанистички План за Село - УПС КУЧКОВО со разработка на карактеристичен БЛОК,  Општина Ѓорче Петров – Скопје.**

За Предлог планот за УПС КУЧКОВО е добиена Согласност од Министерство за Транспорт и Врски, со што се потврдува дека е целосно усогласен со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ"51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.63/12; 126/12, 19/13; 95/13; 167/13; 125/14; и 148/14;) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. весник на РМ" бр.78/06 I 37/14).

**Член 2**

Просторот дефиниран за изработка на **Урбанистички план за село Кучково со разработка на карактеристичен блок, Општина Ѓорче Петров-Нацрт план 2012-2022**, со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Ѓорче Петров.

Планскиот опфат започнува **од јужната страна** на тромеѓето на КП 3254, 3255 и 3263, оди на југозапад ја сече праволиниски КП 3263 и 3264/1 се до северната граница на КП 4489, продолжува кон запад по северната граница на КП 4489 се до тромеѓето на КП4489, 2441 и 2442, врти кој југ, ја сече КП 4489 и 4510(пат) се до тромеѓето на КП4510, 1835 и 2111, оди кон југ по источната граница на КП1835 се до тромеѓето на КП2109, 1835 и 1856, врти кон запад по северната и западната граница на КП 1856 и КП 1855, ја сече КП 4512(пат) и оди до тромеѓето на

КП1457, 1458 и 1459, врти кон запад по северните граници на КП1457, 1455 и 1883 се до тромеѓето ка КП1883, 1448 и 1449.

**Од западната страна** започнува од тромеѓето на КП1883, 1448 и 1449, оди кон север по источната граница на КП1448, 1446, 1445, 1506 и 1505, врти кон северозапад по северната граница на КП 1505 ,1522 и 1539, ја сече КП 4513(пат), оди кон север по источните граници на КП1560, 1559 и 1566 се до тромеѓето на КП1556, 1567 и КП 4501 (пат), од тука врти кон северозапад по југозападната граница на КП4501(пат) се до тромеѓето на КП396, 4501 (пат) и КП4499(пат).

**Од северната страна** границата започнува од тромеѓето на КП396, 4501 (пат) и КП4499(пат), оди кон север 100 метри по источната страна на КП396, врти кон исток, ја сече КП4501(пат) и продолжува кон исток по јужните граници на КП377, 373, и 447, продолжува кон северисток по источните граници на КП 454, 453, 452, 451 и 362, се до граница на КП4502(пат), од тука врти кон исток по јужната граница на асфалтниот пат с.Кучково-с.Грачане се до границата на КП4503(пат), продолжува кон исток се до западната граница на КП307, оди кон југ и кон исток по нејзината граница се до тромеѓето на КП307, 612 и 306, оди кон југоисток по југозападната граница на КП306 и североисточната граница на КП4507(пат) се до тромеѓето на КП2947, 4509(пат) и 2946(пат), оди по северната граница на КП2946(пат) се до тромеѓето на КП2946(пат), 2937 и 2938.

**Од источната страна** границата започнува на тромеѓето на КП2946(пат), 2937 и 2938, од кон југ по западните граници на КП2938, 2939, 2940, 2941, 2942/1, 2976 и 2979, врти кон исток по северните граници на КП2989 и 3146, повторно врти кон југ по источните граници на КП3146, 3136, 3135, 3134, 3132, 3221, 3205, 3206, продолжува кон југоисток по северните граници на КП3207, 3208, 3209, 3210, ја сече КП3211 и КП3181 се до северната граница на КП 3197, продолжува кон југ по североисточните граници на КП3197, 3196, 3195, 3194 и 3193, продолжува кон југ по југоисточната границана КП3193, повторно ја сече КП3181, оди по источната граница на КП3252, ја сече КП3181 и КП4508(пат), потоа по источната и јужната страна на КП3254 оди до почетната точка.

**Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 310,60 ха**

**Член 3**

**Урбанистички план за село КУЧКОВО, Општина Ѓорче Петров – Скопје** -Предлог план 2012-2022, е изготвен од планерската куќа БИЛД Дооел Извоз-Увоз-Скопје и е со следната

## Содржина:

**КНИГА 1**


**1. Општ дел**

1. Регистрација на проектантското претпријатие
2. Лиценци и овластување на носителот на проектна документација
3. Планска програма

**2. Геодетски елаборат**

(за ажурирана геодетска подлога)

4. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

3.1.Текстуален дел ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА ....................................7
3.1.1. Географско и геодетско одредување на подрачјето на .............................7
планскиот опфат со опис на неговите граници и ....................................7
површина.....................................................................................7
3.1.2. Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат 9
3.1.3. Природни чинители на опфатот ............................................10
3.1.3.1. Клима....................................................................10
3.1.3.2. Релјефни карактеристики.................................................10
3.1.4. Податоци за создадени вредности и чинители на планскиот опфат .........11
3.1.5.Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура ..............................................................................12
3.1.5.1. Намена на просторот и градежен фонд.....................................17
- Анализа на целиот плански опфат .................310,60 ха.............................17
- Анализа на БЛОК 10 И 11 ..............................16,91 ха ................................20
3.1.5.2. Демографски карактеристики и јавни функции ...............................21
4.1.6.Билансни показатели........................................................22
3.1.7. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно – историско значење и културни предели...............................................24
3.1.8.Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура.......................24
3.1.8.1. Сообраќај ...............................................................24
3.1.8.2. Комунална инфраструктура ..............................................24
3.1.9.Инвентаризација на бесправно изградени градби...................................25
3.1.10. Анализа и можности за просторен развој.......................................25
3.1.10.1. Заклучок од аналитичко-истражувачкиот дел ...............................26
3.1.10.2. Можности за просторен развој...........................................27
3.1.11. Извод од план од повисоко ниво ..............................................27
Од аспект на индустрија се препорачува:..............................................30
3.2. Графички дел ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА.........................................33

1. Извод од просторен план на РМ.......................................................1:250 000
2. Извод од УП за село Кучково.........................................................1:25 000
3. Ажурирана геодетска подлога .........................................................1:2 500
4. Снимка на бесправно изградени градби..................................................1:2 500
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и комунална инфраструктура .................................................1:2 500
5а. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и комунална инфраструктура .................................................1:1 000


**КНИГА 2**


4.1. Текстуален дел ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА...........................................35
4.1.1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период35
4.1.2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат......................35
4.1.3. Планска програма ...........................................................36
4.1.4. Опис и образложение на планскиот концепт на просторен развој ............36
4.1.4.1. Наменска употреба на градежното земјиште .................................38

- Анализа на целиот плански опфат .................310,60 ха ..............................38
- Анализа на БЛОК 10 И 11 ..............................16,91 ха ..............................50
4.1.5.2. Демогравски карактеристики и планирање по намени ........................57
4.1.5. Сообраќајна и комунална инфраструктура ...............................................65
4.1.5.1. Сообраќаен план ...........................................................................................65
4.1.5.2. Хидротехничка инфраструктура ..................................................................66
4.1.5.3. Електро-енергетика и ПТТ инсталации ........................................................71
4.1.6. Економско образложение ..............................................................................74
4.1.7. Општи услови за изградба ..............................................................................74
4.1.8. Посебни услови за изградба ..........................................................................87
- Анализа на целиот плански опфат .................310,60 ха ..............................87
Блок 1 ..........................................................................................................90
Блок 2 ..........................................................................................................92
Блок 3 ..........................................................................................................93
Блок 4 ..........................................................................................................94
Блок 5 ..........................................................................................................95
Блок 6 ..........................................................................................................96
Блок 7 ..........................................................................................................98
Блок 8 ..........................................................................................................100
Блок 9 ..........................................................................................................101
Блок 10 ........................................................................................................103
Блок 11 ........................................................................................................105
Блок 12 ........................................................................................................109
Блок 13 ........................................................................................................110
Блок 14 ........................................................................................................111
Блок 15 ........................................................................................................115
Блок 16 ........................................................................................................116
Блок 17 ........................................................................................................118
Блок 18 ........................................................................................................119
Блок 19 ........................................................................................................120
Блок 20 ........................................................................................................123
Блок 21 ........................................................................................................124
Блок 22 ........................................................................................................125
Блок 23 ........................................................................................................127
Блок 24 ........................................................................................................129
Блок 25 ........................................................................................................130
Блок 26 ........................................................................................................131
Блок 27 ........................................................................................................132
- Анализа на БЛОК 10 И 11 ..............................16,91 ха ..............................134
Блок 10 ........................................................................................................135
Блок 11 ........................................................................................................152
4.1.9. Нумерички показатели ..................................................................................188
- Анализа на целиот плански опфат .................310,60 ха ..............................188
- Анализа на БЛОК 10 И 11 ..............................16,91 ха ..............................189
4.1.9.1 Нумерички показатели по делови ..................................................................189
- Анализа на целиот плански опфат .................310,60 ха ..............................192
- Анализа на БЛОК 10 И 11 ..............................16,91 ха ..............................193
4.1.10. Билансни показатели ..................................................................................194
4.1.10.1 Според УДНМ за село Кучково ..................................................................195
- Анализа на целиот плански опфат .................310,60 ха ..............................196
- Анализа на БЛОК 10 И 11 ..............................16,91 ха ..............................199
4.1.11. Мерки за заштита ..........................................................................................201
4.1.11.1 Мерки за заштита на животната средина ....................................................201
4.1.11.2 Мерки за заштита на природно наследство ................................................203
4.1.11.3 Културно-историско наследство .................................................................204
4.1.11.4 Мерки за заштита од пожар .........................................................................205
4.1.11.5 Мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи ........................206
4.1.11.6 Мерки за заштита од воени разурнувања ....................................................207
4.1.11.7 Мерки за заштита и спасување ....................................................................208
4.2. Графички дел ..................................................................................................215

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА........................................................................215

1.План на намена на земјиште и градби................................................. .............. .1:2500
1а. План на намена на земјиште и градби...................................................... .1:1000
2.Регулационен план и план на површини за градење
2а. Регулационен план и план на површини за градење.....................1:1000
3. Сообраќаен, нивелациски и инфраструктурен план ..............................................1:2500
3а. Сообраќаен, нивелациски и инфраструктурен план.................................. 1:1000
4. Сообраќаен, нивелациски и инфраструктурен план ..............................................1:2500
4а. Сообраќаен, нивелациски и инфраструктурен план.................................. 1:1000
5. Синтезен план ...........................................................................................................1:2500
5а. Синтезен план ........................................................................................... 1:1000

**Член 4**

**Донесениот Урбанистички План за Село - УПС КУЧКОВО со разработка на карактеристичен БЛОК, Општина Ѓорче Петров – Скопје,** се заверува со печат на Советотот на Општина Ѓорче Петров-Скопје и потпис на претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

**Урбанистички План за Село - УПС КУЧКОВО со разработка на карактеристичен БЛОК, Општина Ѓорче Петров – Скопје** и сите негови делови, се составен дел на одлуката и истиот се чува во Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-3758/10**
**Од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање приоритет за реализација на проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Орман" за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура**

Се објавува Одлуката за давање приоритет за реализација на проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Орман", за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и осмата седница на Советот, одржана на ден 22.12.2016 година.

**Број 09-3834/9**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 58-та седница одржана на 22.12.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање приоритет за реализација на проектот**
**"Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Орман "**
**за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот**
**за рурална инфраструктура**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава приоритет за реализација на проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Орман", за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура од страна на единиците на локална самоуправа во Р.Македонија, по **Јавен повик бр. 01/2015** објавен **од** Министерството за финансии на Р.Македонија.

**Член 2**

Аплицирањето за добивање на неповратни средства, односно доделување финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа наменета за подобрување на нивото на општински услуги, е со цел да се реализира проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Орман ",

**Член 3**

Се одобрува Општина Ѓорче Петров на овој Јавен повик да аплицира за добивање на неповратни средства на 120.000,00ЕУР (7.380.,000,00МКД без вклучени 18%ДДВ), со цел да се реализира проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Орман" .

**Член 4**

Со средствата добиени од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура (120,000ЕУР), ќе се изведат вкупно 1.934,37 m' во реонот на с.Орман и тоа главниот колектор од пречистителната станица и дел од краци во с.Орман.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “.

**Број 08-3758/11**
**Од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за исплата на еднократен финансиски надоместок за 2016 година**

Се објавува Одлуката за исплата на еднократен финансиски надоместок за 2016 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и осмата седница на Советот, одржана на ден 22.12.2016 година.

**Број 09-3834/10**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 58-та Седница одржана на ден 22.12.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на еднократен финансиски надоместок**
**за 2016 година**

**Член 1**

На членовите на советот на Општина Ѓорче Петров да се исплати еднократен финансиски надомест во висина од 10.000,00 денари.

**Член 2**

Советот на Општина Ѓорче Петров препорачува на административните работници во Општина Ѓорче Петров да се исплати регрес за годишен одмор за 2016 година, согласно законските прописи.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за реализација на Одлуката.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-3758/12**
**од 22.12.2016 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**